РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КОЛЕ НЕДЕЛКОВСКИ
Бр. 01 - 649/1
01. 10. 2025 год.
СКОПЈЕ

# САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

ООУ „Коле Неделковски“, Скопје, Центар

за период од 2023 до 2025 година



септември 2025

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ,,Коле Неделковски" |
| Адреса | ул.Антоније Грубишиќ бр.8 |
| Телефон, е-пошта | oukolenedelkovski@yahoo.com |
| Период на подготовка на СЕУ | април - август |
| Број на ученици во училиштето | 707 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Александар Христовски |
| Потпис | |
| Датум | 26. 09. 2025 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Василка Салевска Трајковска |
| Потпис | |
| Датум | 26. 09. 2025 |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | Поддршка и следење на планирањата на наставниците | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерство за образование и наука. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем. Наставниците навреме ги изработуваат планирањата за тековната учебна година Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување за што се изјасниле 83% од наставниците). Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и од лица назначени од стручните органи (за што и се изјасниле 89 % од наставниот кадар.) |
| | Размена на искуства и на информации при планирањето | Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br>По однос на ставот од прашалникот ,,Во рамките на стручните активи разменуваме искуства за планирањето на часовите, најмалку два пати во полугодието’’ од анкетирани наставници добиен е следниот одговор - поголем број од наставниците 68% се согласуваат дека во рамки на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите, најмалку 2 пати во полугодие<br>Во училиштето се обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата и изработка на личниот професионален план на наставниците..<br>Најчесто следат обуки организирани од БРО,МОН, Општина Центар, |

| | | |
|---|---|---|
| | | самоиницијативно, по предлог на менторот на училиштето, вебинари организирани од ЗОН здружението на наставници и сл.<br>Во анкетата која е спроведедена со Прашалник за наставен кадар со исказ ,, Добивам навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата'', 74 % од анкетираните наставници се согласуваат дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата, а 26% целосно се согласуваат.<br>Наставниците често разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, но користат и стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта најмалку два пати во полугодието. Тие ги содржат стандардите кои треба да се постигнат за успешна организација и реализација на часот како и јасни насоки за тоа што се очекува да научат учениците (кои се очекуваните исходи од учењето) |
| Индикатор 1.2 Наставен процес | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Документи:<br>Концепција за основно образование<br>Концепција за инклузивно образоване<br>Водич за слободни изборни предмети<br>Водич за работа на Училиштен инклузивен тим<br>Упатство за организирање заеднички наставни часови<br>Извори на податоци:<br>Годишна програма за работа на училиштето; планирања на наставниците; списоци, агенди и извештаи од реализирани обуки; записници и списоци од состаноци на стручни активи; анкети со наставници; интервјуа со директорот, | Реализација на наставни планови и програми | Наставата во одделенска и предметна настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Сите наставни часови се реализирани со 100 % реализација според Наставниот план. Од спроведената анкета 97 % од родителите се изјасниле дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот.Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар така што раководниот орган навремено обезбедува соодветна замена за лицата кои се отсутни |
| | Избор на наставни предмети | Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Од спроведената анкета 97% од родителите се изјасниле дека се запознаени со листата на изборни / слободни изборни предмети и активности а 89% изборните предмети / активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно своите интереси. 89% од учениците одговориле дека сами ги имаат избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат и истите се според нивните интереси. |
| | Избор на задачи, активности и на ресурси | Од извршените посети на час и увидите во планирањата на наставниците од страна на стручните соработници и директорот на училиштето констатирано е |

| | | |
|---|---|---|
| стручните соработници; извештаи од стручни соработници за следни планирања. | | дека во најголем дел од наставниците задачите и активностите што ги планираат и реализираат ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците така што планираат задачи и активности со различни нивоа на сложеност. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Сите наставници покрај учбениците и дополнителна прирачна литература користат ппт презентациии, лични изработени наставни листови и работен материјал, изготвени макети ..... Расположливите ресурси како на пример смарт таблите, проекторите, принтерите, таблетите, стручна литература, наставни средства и помагала, изработени материјали од страна на наставниот кадар и учениците се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби и се изработува ИОП според кој се оценуваат |
| | Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно | Од анкетата 91% од учениците одговориле дека се прифатени од страна на наставиците, а додека 89% од учениците се согласуваат со тврдењето дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите/стандардите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Наставниците поттикнуваат дискусија помеѓу учениците при што им ја развиваат вештината за соработка и комуникација. 90% од родителите сцелосно се согласуваат дека нивното дете слободно може да се изрази за време на часовите 93% од учениците се согласуваат дека можат слободно да се изразат за време на часовите и да си го искажат своето мислење. |
| | Реализација на образовна инклузија | Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставата за учениците со попреченост „Иднина“ –Скопје,. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост во приземниот дел на училиштето.Училиштето поседува и пристапна рампа и лифт за нивните потреби. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со посебни образовни потреби учествуваат во воннаставни активности во текот на годината. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Во училиштето има ученици на кои им е потребна асистенција, и тоа на 6 ученици се обезбедени образовни асистенти а на 4 ученици им е потребни лични асистенти.<br>Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. |
| | Активности за меѓуетничка интеграција во образованието | ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма за работа на учииштето, проектните активности добиени преку грантови од МОН и за тоа подготвува полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. Училиштето организира и реализира заеднички наставни часови со ученици од партнер училиштето ООУ „Перпарими“-Крушопек, општина Сарај кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно со Упатството за организација на заеднички наставни часови. . Одделенските раководители во текот на годината во рамките на часот на одделенската заедница реализираат работилници поврзани со мио-теми. Оние што не се раководители планираат и реализираат содржини во рамките на нивните предмети. Реализираните активности и часови се објавуваат на фб и веб страната на училиштето. |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Анкета за ученици<br><br>Анкета на родители<br><br>Извештај од увидот и евалуацијата на посетените часови<br><br>Анкета со учениците, родителите и наставниците разговори во фокус групи со ученици, родители и наставници;<br>разговор со стручна служба;<br>увид во ученичките досиеја;<br>увид во евиденцијата на стручните соработници | Средина и атмосфера за учење | Од спроведената анкета 89% од учениците и 90% од родителите го доживуваат училиштето како безбедна, инклузивна, интеркултурна, стимулативна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење.<br>Присутна е отворена и позитивна атмосфера и соработка во училницата.<br>Најголем дел од учениците (87%) во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење а со тоа се согласни и родителите (79%). Училницата е опремена со разни ресурси за потребите на часот, наставна технологија која е лесно достапна до учениците<br>Учениците (87%) сметаат дека начинот на кој се учи на најголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество, за што се согласни и најголем дел од родителите (91%).<br>Врз основа на Извештајот од посетените часови најголем број од наставниците поттикнуваат самостојно и критичко мислење кај учениците,анализа и решавање проблеми, да поставуваат прашања, да дискутираат и да изведуваат заклучоци за она што го учат, а поголем број (72%) од учениците се изјасниле дека се согласуваат со истото.<br>Наставниците даваат конструктивни повратни информации за активностите на ученикот и се однесуваат со почит кон нив.<br>Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците (иновативни приоди, користење на ИКТ технологија, наставни форми и активни методи и техники соодветни на поставените цели/ стандарди…). |
| | Идентификување и задоволување на различните образовни потреби на учениците | Во училиштето се врши следење на учениците со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии и посебни потреби. И оваа учебна година има ученици со ПОП со наод и мислење.<br>Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.<br>Наставниците во процесите на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат и да го постигнат својот максимум.<br>Ги мотивираат учениците за успешно продолжување на образовниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Зголемување на опфатот на учениците и задржување во образовниот систем. Учениците го доживуваат училиштето како безбедна , стимулативна и мотивирачка средина. Голем број од учениците сметаат дека училиштето поттикнува соработка меѓу учениците и почитување на различностите, 78% од нив заеднички работат на различни проекти во мешан состав. Најголем дел од учениците (84% ) сметаат дека разновидните воннаставни активности кои ги нуди училиштето ги задоволуваат нивните потреби и интереси. Најголем број од учениците (95%) сметаат дека училиштето овозможува учество на сите ученици во различни наставни и вонраставни активности независно од нивните разлики ( пол, националност, способности, социјален статус. Учениците (90%)се чувствуваат прифатени, задоволни и среќни во паралелката и во училиштето |
| Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Документи:<br>Национални стандарди за постигања на ученици на крајот од основното образование<br>Правилник за организација и начинот на спроведување на дополнителна и додатна настава<br>Критериуми за оценување на постигањата на учениците<br><br>Извори на податоци:<br>-Годишна програма за работа на училиштето;<br>-распоред за додатна и дополнителна настава,<br>-списоци на ученици кои се | Училишна политика за оценување | Училиштето применува стратегија за оценување која однапред е дефинирана, вклучувајќи ги стандардите за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Училиштето на ниво на стручни активи има изградени усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми во стручните активи, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците за време на часовите и родителите за време на родителските средби. Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Оценувањето на постигањата на учениците е засновано на Стандардите и критериумите за оценувањето дадени од БРО, Закон за основно образование и Наставните планови и програми. Родителите, учениците и наставниците се согласуваат дека објективно и транспарентно се следат постигнувањата на учениците независно од полот и етничката припадност. На родителските средби, отворените денови за прием на родители преку е-дневник родителите се запознаени со успехот и постигнувањата на учениците. учениците. Навремено и редовно се води евиденција за остигнувањата и успехот на учениците и се евидентираат во Евидентни листови, во Е – дневник и во Главна книга. |
| | Методи, форми и инструменти за оценување | Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување и |

| | | |
|---|---|---|
| включени во додатна<br>и дополнителна настава,<br>-правилник за оценување<br><br>и напредување на<br>учениците<br>-интерен правилник за<br>оценување<br>-увид во педагошката<br>евиденција<br>и документација за<br>користените инструменти<br>за оценување;<br>-примери на оценети<br>ученички трудови;<br>-записници од стручните<br>Активи и наставничкиот<br>совет;<br>-анкети/интервјуа со<br>Ученици наставници и<br>родители<br><br>инструменти за<br>индивидуални начини<br>на проверка<br>чек листи | | сл.). Приодите во оценувањето им овозможуваат на учениците да ги подобруваат постигањата. |
| | Коефициент на континуитет на успехот на учениците | Во учебната 2022-23 на полугодие средниот успех на учениците во третиот образовен период изнесува 4.42 а на крај 4,91 Коефициентот на континуитет на успех за учебната 2022-23 изнесува 0,9<br>Во учебната 2023-24 на полугодие средниот успех на учениците во третиот образовен период изнесува 4.4 на крај 4,92 Коефициентот на континуитет на успех за учебната 2023-24 изнесува 0.89.<br>Во учебната 2024-25 на полугодие средниот успех на учениците во третиот образовен период изнесува 4.45 на крај 4,94 Коефициентот на континуитет на успех за учебната 2024-25 изнесува 0.9 |
| | Користење на информациите од оценувањето во наставата | Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. (наставниците од одделенска настава во своето неделно планирање даваат рефлексија за успешноста на реализација на часовите во текот на денот, додека наставниот кадар од предметна настава пишуваат рефлексија во дневните подготовки/сценарија)<br>Најголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата, притоа, голем акцент се става на вреднувањето на тековните постигања на учениците и идентификувањето на идните активности што ќе се применуваат во учењето и поучувањето. По потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>Одспроведените анкети на прашањето *Оценувањето на учениците е праведно*'', целосно се согласуваат 20,3% од учениците, се согласуваат 40,5%, а 21,5% не се согласуваат и 12,7% целосно не се согласуваат.<br>Родителите иако редовно се информирани за постигнувањата, 33, 6% се изјасниле дека не се запознаеми со критериумите за оценување по секој предмет.. Со исказот*,,Редовно ги пофалувам учениците за постигнатиот успех и резултати''* се согласуваат наставниците и испитаните ученици.<br>Голем број од наставниците на учениците им кажуваат што добро научиле, а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања.<br>Наставниците ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките. Сите наставници целосно се согласуваат со ставот дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат и при тоа применуваат различни начини на оценување на учениците. |

| Индикатор 1.5 Вонnаставни активности и натпревари | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| Документи<br>Концепција за вонnаставни активности во основното образование (БРО, 2020)<br>Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на ученици по одделни предмети на општинско,регионално и државно ниво во основните училишта<br><br>Извори на податоци<br>Годишна програма за работа;<br>програми за вонnаставни активности;<br>извештај од реализирани екскурзии;<br>педагошка евиденција и документација;<br>дипломи, признанија, | Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности | Во училиштето се планираат и реализираат краткотрајни и долготрајни вонnаставни активности:<br>- излети и екскурзии: еднодневен есенски и пролетен излет, еднодневна, дводневна и тридневна екскурзија, настава во природа<br>- еднократни работилници и акции во училиштето или во заедницата кои се реализираат: Детска организација ЕКО патрола и МИО тимот (Годишна програма) , Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта (Годишна програма) , Црвен крст , Естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето,<br>- секции/клубови кои ги реализираат наставниците по соодветните предмети (<br>- проекти: ¬ Проект „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем“ , „Меѓуетничка интеграција во образование,Проект „Стандарди за оценувањето“ , Проект „Училишта на 21от век “- Проект „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран” . „Пензионерите ги учат младите“- ,креативни работилници, соработка со општина Центар, ,, Однесувањето на учениците во животната средина” во соработка со општина центар и здружение на борците.<br>- Ученичко учество и организирање: Училишна заедница и заедница на паралелката ,Ученички парламент ,Ученички првобранител<br>Според анкетата спроведена на учениците и родителите најголем број од учениците ( 84%) и од родителите ( 86%) сметаат дека училиштето нуди разновидни вонnаставни активности.<br>Реализираните вонnаставни активности секој наставник ги бележи во е – дневник и во Педагошка евиденција на вонnаставни активности |
| пофалници од учество на манифестации и натпревари;<br>-интервјуа/анкети со наставници, родители , ученици и стручни соработници за вонnаставни активности; записници од стручни активи и ученичка заедница;<br>- список на ученици вклучени во вонnаставни | Опфатеност на учениците од различен пол и јазик на наставата со вонnаставните активности | Повеќето ученици се вклучени во повеќе од една вонnаставна активност при што заеднички улествуваат без разлика на полова припадност, националност или култура. Во училиштето има 702 ученици од кои 345 машки и 357 женски ученици. Исто така секој одделенски наставник вонnаставните содржини ги запишува во е – дневник .<br>Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик. Нашето училиште е вклучено во проекти во кои се вклучени и ученици и од друга религија и култура. Поголем број од учениците ( 79% ) и од родителите ( 67%) сметаат дека учениците се вклучени во активности заедно со ученици од други |

| | | |
|---|---|---|
| активности;<br>увид во интернет страницата,<br>во весниците,<br>програмата на радиото,<br>социјалните мрежи итн. | | култури (од своето или од друго училиште) – за што позитивно се изјасниле учениците и родителите од погорните одделенија. |
| | Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности | Учениците и родителите на почетокот на секоја учебна година се запознаваат со воннаставните активности кои се нудат во училиштето преку родителски средби и огласна табла на училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности кои ги планираат наставниците и ги предлагаат учениците на седниците на ученички парламент.<br>Сите ученици се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Поголем број од учениците се изјасниле дека имаат избор на различни воннаставни активности Во училиштето се реализираат дел од воннаставните активности предложени од ученици. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура.<br>Најголем број од учениците (до 84%) и од родителите (87%) сметаат дека учениците по сопствен избор се вклучуваат во воннаставните активности.<br>Најголем број од учениците (до 86%) и од наставниците ( 92%) сметаат дека со свои предлози учениците придонесуваат во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. |
| | Натпревари | Секоја година во училиштето се организираат училишни натпревари за учениците од IV-IX одделение. (87% од учениците сметаат дека добиваат помош и подршка од наставниците за да учествуваат на натпреварите.<br>Учениците се вклучуваат и во натпревари надвор од училиштето (општински, регионални, национални), квизови, конкурси, разни настани, изложби, манифестации во општината , градот и во државата и надвор од неа. На оние ученици кои постигнале успех надвор од училиштето и успешно го афирмираат училиштето им се доделуваат пофалници и награди. Преку ФБ и ВЕБ страната на училиштето се овозможува успешно запознавање на јавноста со сите успеси и постигнувања на наставниците и учениците. |

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

1.1 Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.

Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.

1.2 Наставата во одделенска настава и во предметна настава се реализира редовно и во пропишаниот обем со 100% реализација. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар кој се евидентира во е-дневник. Во најголем број случаи изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во најголем дел од наставниците задачите и активностите што ги планираат и реализираат ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците така што планираат задачи и активности со различни нивоа на сложеност. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. Во најголем број од учениците се прифатени од страна на наставиците, и имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици.На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите/стандардите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Наставниците поттикнуваат дискусија помеѓу учениците при што им ја развиваат вештината за соработка и комуникација, така што можат слободно да се изразат за време на часовите и да си го искажат своето мислење. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/вонннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост „Иднина“ –Скопје,. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во вонннаставни

активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма за работа на учииштето, проектните активности добиени преку грантови од МОН и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Училиштето организира и реализира заеднички наставни часови со ученици од партнер училиштето ООУ„Перперими“ –Општина Сарај кои наставата ја следат на различни наставни јазици.. Реализираните часови се објавуваат на фб и веб страната на училиштето.

1.3 Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење и овозможува учество на сите ученици независно од нивните разлики. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување..Наставниците во процесите на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат и да го постигнат својот максимум.

1.4 Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и етички кодекс за оценување и процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.
Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
Коефициентот на континуитет на успех континуирано е еднаков.
Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Најголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

1.5 Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што се во согласност со потребите и интересите на учениците. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност и во истите се вклучуваат по сопствен избор. Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици независно од полот, етничката и верската припадност и социјалниот статус. Учениците предлагаат и се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности. Училиштето организира училишни натпревари. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво, како и во други активности со

натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- ❖ Одржување на позитивна и поддржувачка работна атмосфера.
- ❖ Можност за учење на различни начини и активно учество на учениците во активностите и процесот на учење.
- ❖ Примена на разновидни извори и методи за проверка на знаењето.
- ❖ Висока вклученостна учениците во воннаставни активности.
- ❖ Целосна покриеност на учениците со попреченост со образовни и лични асистенти.

**Слаби страни**

- ❖ Ограничено учество на учениците во одлучување за избор на слободни изборни активности и предмети.
- ❖ Недоволна запознаеност на родителите со критериумите за оценување
- ❖ Потреба од специјален едукатор и рехабилитатор во училиштето

**Приоритети**

- ✓ Зголемено учество на учениците во избор на активности и предмети.
- ✓ Подобрување на информираноста на родителите за критериумите за оценување и можностите за напредок на ученикот
- ✓ Да се обезбеди сензорна соба

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| -Полугодишен извештај за работата на училиштето за учебната 2023/2024 година<br>-Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2023/ 2024 година<br>-Полугодишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година<br>-Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година<br>-Записници од Наставнички совет<br>-Записници од Совет на родители<br>-Записници од советодавна работа со родители<br>-Е-дневник<br>-Анкета со ученици<br>-Анкета со наставници<br>-Анкета со родители | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците,по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет, донесува одлука за начинот на подобрување на постигањата на учениците и доколу е потребно се даваат предлози за нивно подобрување или се изречуваат педагошки мерки доколку ученикот во текот на наставната година истовремено има негативни оценки, по 3 или повеќе предмети.<br>- Ученикот има направено повеќе од 10 неоправдани изостаноци<br>- Ученикот го навредил наставникот<br>- Ученикот учествува во различни форми на насилство<br>- Ученикот покажува антисоцијално и асоцијано однесување<br>- Ученикот предвреме го напушти образованието<br>- Ученикот користи говор на омраза и во краток период на ученикот му се намалува успехот.<br>Учеството и постигањата на вonнаставните активности континуирано се следи и евидентира. |
| | Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост | Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици.Инклузирани се 10 ученика со посебни образовни потреби за кои се обезбедени 6 образовни асистенти од училиштето и и ресурсен центар „Иднина” и 4 лични асистенти од Општина Центар. За секој од нив е формиран инклузивен тим. |
| | Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигањата на учениците по секој квалификационен период. Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води (Училиштето по пат на електронски и пишани соопштенија преку: web и Facebook страна на училиштето и соопштенија од одделенските раководители, навремено ги информира учениците за целокупниот воспитно-образовен систем, разновидните културно-општествени активности и воопшто за престојните планирани активности во училиштето). |

**Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата**

| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
|---|---|---|
| -Записници од советувања на родители и ученици;<br>-Распоред и списоци за дополнителна и додатна настава;<br>- Е-дневник;<br>-Извештаи за соработка со различни чинители подобрување на постигањата;<br>. Записници од советодавна работа со родители;<br>-Интервју со психологот на Училиштето; | Редовност во наставата | Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а за учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања со учениците и нивните родители . (табели подолу) |
| | Советување на родители/ старатели и ученици | Советувањата на родителите се спроведуваат по потреба во текот на една учебна година. Учениците и родителите се советуваат доколку:<br>-ученикот има повеќе од три негативни оценки<br>-има повеќе од десет неоправдани изостаноци<br>-се забележат непочитувања со донесениот Протокол за превенција и заштита од насилство, како и последиците од непочитување на истите учениците се учениците се целосно запознаени, преку Етички кодекс на однесување, Протокол за постапка за пријава и заштита на на ученик - жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, работилници за заштита од насилство и развивање на комуникациски вештини, организирани од психологот, како и преку индивидуални средби и советувања за ученици, но и со родители на ученици кои се жртви на насилно однесување и ученици кои манифестираат насилно однесување.<br>За учениците од одделенска настава се организирани работилници на теми: Разум и срце, Врсничко насилство, Снегулки, Правила во училница, Запознавање на емоциите и Помагање на пријател.<br>Формиран е и Клуб за ментално здравје за учениците од VI до IX-то одд., кои заедно со психологот на одделенските часови, имаат реализирано работилници на следните теми: Како да ги контролираме емоциите, Социјализација, Последици на врсничко насилство врз менталното здравје, Депресија, Како медиумите влијаат |

**Изостаноци на учениците на крајот од учебната 2023/2024 година**

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 2400 | 1200 | 1800 | 1146 | 1750 | 1523 | 1400 | 1826 | 1340 | 14385 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 12 | 105 | 60 | 177 |
| Вкупно | 2400 | 1200 | 1800 | 1146 | 1750 | 1523 | 1412 | 1931 | 1400 | 14562 |

**2024/25 година**

| Одд<br>Вид | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 1757 | 1319 | 1563 | 1559 | 601 | 1991 | 2470 | 2689 | 1430 | 15373 |
| Неоправдани | / | / | / | / | / | / | 43 | 60 | 71 | 174 |
| Вкупно | 1757 | 1319 | 1563 | 1559 | 601 | 1991 | 2513 | 2749 | 1501 | 15547 |

| | | |
|---|---|---|
| | | врз менталното здравје  на децата, Како да го негуваме менталното здравје, Разбирање на деца со попреченост, Бон-тон (2023/2024), Грижа за ментално здравје,  Емпатија, Врсничко насилство/сајберулинг, Сајбербулинг, Емоции, Справување со успех и неуспех, Справување со загуба и Професионална ориентација, Ментално здравје (“Оддолевање на социјален притисок, Успех инеуспех-Патување кон постигнување. (2024/2025).<br>. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. Во текот на учебната 2024/25 година спроведени се 2 советувања со позитивен исход. |
| | Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава | Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето. |

## Реализација за дополнителна настава 2023/2024 година

**Одделенска настава**

| Одделение | Планирани часови | Реализирани часови | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| II | 22 | 22 | 23-28 |
| III | 2 | 2 | 27 |
| IV | 16 | 16 | 6 |
| V | 9 | 9 | 4 |
| Англиски јазик - III, IV | 18 | 10 | 6-10 |

**Предметна настава**

| Наставни предмети | Одделение | Планирани часови | Реализирани часови | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик | VI,VII | 3 | 3 | 4 |
| Англиски јазик | VI,VII,IX | 8 | 8 | 4 |
| Англиски јазик | VI, VII,VIII | 12 | 12 | 6 |
| Хемија | VIII,IX | 16 | 16 | 4-9 |
| Информатика и Иновации | VII,IX | 2 | 2 | 5 |
| Математика | VI,VII | 6 | 6 | 10 |
| Математика | VII,VIII | 5 | 5 | 17 |
| Физика | VIII,IX | 4 | 4 | 8-10 |
| Германски јазик | VI,VII,VIII,IX | 12 | 12 | 9 |
| Музичко образование | VI,VII,VIII,IX | 5 | 2 | 21 |
| Биологија | VII,VIII,IX | 12 | 12 | 23 |
| Историја | VIII | 16 | 12 | 7 |
| Ликовно образование | VI,VII,VIII,IX | 1 | 1 | 9 |

## Реализација за дополнителна настава 2024/2025 година

**Одделенска настава**

| Одделение | Планирани часови | Реализирани часови | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| II | 34 | 34 | 10 |
| III | 36 | 36 | 6 |
| IV | 30 | 30 | 11 |
| V | 36 | 36 | 5 |

**Предметна настава**

| Наставни предмети | Одделение | Планирани часови | Реализирани часови | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| Англиски јазик | VII,VIII,IX | 10 | 10 | 6 |
| Англиски јазик | VI, VII,VIII | 10 | 10 | 10 |
| Хемија | VIII,IX | 18 | 18 | 8 |
| Информатика и Иновации | VI,VII,IX | 12 | 12 | 9 |
| Математика | VI,VII,VIII,IX | 36 | 36 | 12 |
| Математика | VI,VII,VIII | 10 | 21 | 32 |
| Математика | VIII,IX | 2 | 2 | 2 |
| Физика | VIII,IX | 2 | 2 | 2 |
| Германски јазик | VI,VII,VIII,IX | 16 | 16 | 18 |
| Музичко образование | VI,VII,VIII,IX | 5 | 2 | 6 |
| Биологија | VII,VIII,IX | 14 | 14 | 17 |
| Историја | VI,VII,VIII,IX | 8 | 5 | 20 |
| Физичко и здрав. обр. | VI,VII,VIII,IX | 3 | 3 | 3 |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Опис/резиме на подрачјето**<br>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Среден успех за учебната2023/2024 година е 4.95, додека за 2024/2025 година е 4,94.<br><br>Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е Многу добро. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици. Редовноста во наставата е многу добро. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители.<br>Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат по потреба: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаа недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и преку индивидуални средби и советувања со ученици. Училиштето, на годишно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на огласна табла -видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и додатната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата, со високи постигнувања на Меѓународни , државни и реѓионални натпревари. |
|---|
| **Силни страни**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби. Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава. Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.Посебен акцент во постигањата на учениците може да се стави во комуникацијата со ученици, наставници и родители преку работа на Клубот за ментално здравје, кој активно функционира веќе |

2 години, со  механизми за психолошка и кариерна поддршка, со цел - понатамошен развој (од анализа на Од спроведените прашалници, на 30 испитаници од ученици, родители и наставен кадар,  добиени се следните резултати:

## Прашања за наставен кадар

| | *(Ве молиме обележете со заокружување на бројката)* | *Целосно се согласувам* | *Се согласувам* | *Не се согласувам* | *Целосно не се согласувам* | *Не знам/ Немам информација* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Успевам да ги идентификувам учениците со тешкотии во учењето | 70% | 30% | 0 | 0 | 0 |
| 2.2 | Успевам да ги идентификувам надарените ученици | 70% | 30% | 0 | 0 | 0 |
| 2.3 | Голем број родители ја користат можноста да разговараат за постигањата на своето дете по мојот предмет/предмети | 70% | 30% | 0 | 0 | 0 |
| 2.4 | На родителите им давам јасни насоки како најдобро да му помогнат на своето дете во учењето | 90% | 10% | 0 | 0 | 0 |

## Прашања за ученици

| | (Обележи со заокружување на бројката) | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1 | Моите родители/старатели се постојано известувани за мојот напредок на училиште. | 70% | 30% | 0 | 0 | 0 |
| 2.2 | Наставниците постојано ме поттикнуваат на подобрување на мојот успех. | 60% | 40% | 0 | 0 | 0 |
| 2.3 | Доколку не можам да го совладам материјалот, на мое барање, наставниците ми организираат дополнителна настава | 80% | 20% | 0 | 0 | 0 |
| 2.4 | Доколку не можам да го совладам материјалот, наставниците се обидуваат да ми го разјаснат на различни начини | 70% | 30% | 0 | 0 | 0 |
| 2.5 | Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите, наставниците ми нудат додатни часови. | 80% | 20% | 0 | 0 | 0 |

## Прашања за родители/старатели

| | (Ве молиме обележете со заокружување на бројката) | Целосно се согласувам | Се согласувам | Не се согласувам | Целосно не се согласувам | Не знам/ Немам информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | Во текот на учебната година, моето дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот | 60% | 40% | 0 | 0 | 0 |
| 2.1 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на успехот на моето дете | 70% | 30% | 0 | 0 | 0 |
| 2.2 | Од училиштето добивам добри совети за подобрување на однесувањето на моето дете | 60% | 40% | 0 | 0 | 0 |
| 2.3 | Континуирано сум информиран/а за редовноста на моето дете | 80% | 20% | 0 | 0 | 0 |
| 2.4 | На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна или додатна настава, доколку има потреба од тоа | 80% | 20% | 0 | 0 | 0 |

| |
|---|
| **Слаби страни**<br>Училиштето иако има стручно лице-дефектолог на општинско ниво, сметаме дека се јавува потреба за вработување на дефектолог, со постојано вработување на ниво на самото училиште. |
| **Приоритети**<br>Со учениците  се работи, но употребата да биде застапена повеќе во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да го планираат поучувањето со часови на активно учење, самостојна работа на учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина. |

Индикатори за подрачјето:

3.1 Училишна клима
3.2 Еднаквост и правичност
3.3 Партнерски однос со заедницата
3.4 Севкупна грижа за учениците

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| Индикатор 3.1 Училишна клима | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| - Кодекси на однесување;<br>- Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработници, родителите/старателите и со учениците;<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки;<br>- Статут на училиштето;<br>- Куќен ред на училиштето;<br>- Пофалби, награди, признанија и др.;<br>- Закон за основно образование;<br>- Програма и правилник за работа на ученичкиот парламент и ученикот правобранител;<br>- Досие на ученички парламент (програма за работа, записници, одлуки, извештаи од реализирани ученички иницијативи). | Углед/имиџ на училиштето | Нашето училиштето е препознатливо по високиот квалитет во работењето, по постигањата на учениците во најразлични области кон кои е насочен нивниот интерес, како и по напорите за остварување на мисијата и визијата на училиштето. Угледот го градиме преку реализирање на квалитетна настава, организирање разновидни воннаставни активности како и преку добрите меѓусебни односи на сите чинители вклучени во воспитнообразовниот процес. Вработените во училиштето постојано се стремат за подобрување на меѓусебната професионална соработка, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето.<br>Раководниот кадар, стручната служба, наставниците, учениците и родителите преку меѓусебна соработка се трудат да го подигнат угледот на училиштето на многу повисоко ниво. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи.<br>Училиштето, со цел за негово афирмирање користи различни медиуми и има изградено систем за промовирање на постигањата на сите ученици во рамките на училиштето како и во пошироката локална средина. |
| | Кодекс на однесување | Однесувањето на вработените, родителите и учениците треба да е во согласност со пропишаните принципи и правила зададени во кодексите на однесување кои се поставени на веб страната на училиштето. Во училиштето постојат повеќе кодекси на однесување како: Кодекс за однесување на воспитно – образовниот кадар, Кодекс за однесување на учениците и Кодекс за однесување на родителите. Во нив се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето (раководниот кадар, стручната служба, наставниците, техничкиот персонал, учениците и родителите). Доколку правилата на |

| | | |
|---|---|---|
| | | однесување донесени со кодексот се прекршат на било кој начин, во тој случај училиштето ќе премине кон извршување на пропишаните процедури за прекршување на истиот.<br>Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како<br>за време на часовите така и за време на одморите, како и при приемот и заминувањето на учениците од училиштето. Во случаи на непочитување на<br>правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување<br>педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето. |
| | Училишна клима | Помеѓу сите учесници во училишниот живот постои заемно почитување и<br>активна вклученост во активностите во училиштето Училишната клима ја градиме преку водење конструктивна и професионална соработка и дијалог помеѓу вработените, раководниот кадар и стручната служба а воедно се трудиме и да изградиме позитивни односи на релација „наставник – ученик “, „наставник – родител “и „ученик – ученик “. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без оглед на полот, етничката припадност, посебностите и социјалниот статус се трудиме да се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. |
| | Поведение и дисциплина во училиштето | Поведението и дисциплината на учениците се на задоволително ниво. Во училиштето постои работна атмосфера за време на наставата и вонннаставните активности. Во текот на учебната година со цел да се одржи редот, дисциплината и безбедноста во училиштето, организирани се секојдневни дежурства од предметни, одделенски наставници и по два дежурни ученика. Наставниците и педагошко-психолошката служба успешно ги решаваат проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста на учениците, и соодветно го применуваат Правилникот за изрекување педагошки мерки. Училиштето води редовна педагошка евиденција за изречените педагошки мерки. Вработените се трудат да одржуваат позитивна |

| | | |
|---|---|---|
| | | атмосфера во училиштето без закани, говор на омраза, провокации, навреди и сл.<br>Наставниците преку користење на позитивни приоди и современи методи, активно учење, пофалби, индивидуален пристап и други методи се стремат кон зголемување на мотивијацијата кај учениците. |
| | Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми | Во училиштето постои на демократски начин избран Ученички парламент кој учествува во решавањето проблеми и донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците и во истиот има вклучено ученици од сите паралелки од предметна настава во училиштето. Со измените во Законот за основно образование од 2019 година, за остварување на интересите на учениците тие се организираат во Заедница на паралелка и Ученички парламент. Учениците преку ученичкиот парламент активно учествуваат во застапувањето и промовирање на правата и интересите на учениците. Ученичкиот парламент предлага и спроведува активности за подобрување на севкупната работа во училиштето. |
| Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| - Анкета и разговори со ученици,родителите/старателите, наставници, стручна служба;<br>- Извештаи од спроведени активности за запознавање со детските права;<br>- Записници од активностите на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител; | Познавање и почитување на правата на децата | Вработените во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на учениците. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста и се залага за соработка и еднаквост на сите што учествуваат во училишниот живот. На одделенските часови според програмата за Образование за животни вештини се разговара за најразлични проблеми поврзани со еднаквост и правичност. Наставниците ги почитуваат принципите на еднаквост и правичност во однос на сите ученици. Во училиштето, учениците членови на ученичкиот парламент се грижат за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права. Во училиштето се организираат вонанаставни активности по повод Детската недела и Меѓународниот ден на детето на кој се става посебен акцент на правата на децата. На голем дел од активностите присуствуваат и родителите/старателите. За правата на учениците, но и за нивните |

| | | |
|---|---|---|
| - Дневник за работа на стручните соработници;<br>- Записници од наставнички совет;<br>- Критериуми и процедури за избор на ученик на генерација.<br>- Записници од работата на Тимот за училишна интеграција; | | обврски се информираат и родителите на редовните родителски средби. Во случај на прекршување на детските права, училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции, и во случај на потреба тоа и го прави. |
| | Еднаков и правичен третман на сите ученици | Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло, индивидуалните способности и кога се работи за активности на самиот час како и за активности надвор од часот. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима помеѓу учениците и помеѓу наставниците. Училиштето го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Учениците подеднакво учествуваат во наставните и воннаставните активности во зависност од<br>своите интереси, можности и вештини. Училиштето ги спроведува проектите на МОН за промовирање и спроведување на активности за мултикултурализмот и во согласност со тоа учениците се воспитуваат и образуваат со примена на мултикултурализам во наставата. Училиштето организира воннаставни активности, како што се: приредби и прославии посветени на традицијата и културата во кои учествуваат сите ученици кои покажуваат интерес. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и запознати се каде да се обратат доколку имаат нееднаков третман за што училиштето веднаш превзема мерки.<br>Формиран е и тим за ИОП, кој има подготвено програма за следење на активностите на ниво на цело училиште за учениците со посебни образовни<br>програми. Преку организирани предавања и стручни консултации, со помош на тимот за инклузивно образование, се работи на примена на инклузивноста во наставата и изработка на индивидуални образовни планови за работа со деца со потешкотии во наставата и во подготовка на инструменти за нивно следење и оценување. |

| Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата | | |
|---|---|---|
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| - Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>- Записници од советот на родители и родителски средби;<br>- Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;<br>- Статут на училиштето;<br>- Интернет-страница на училиштето;<br>- Договори и меморандуми за соработка со општината и различни организации/институции;<br>- Извештаи од организирани акции, трибини, дебати, предавања со родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница;<br>- Документација за добиени спонзорства и донации. | Соработка на училиштето со родителите/старателите | Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Соработката помеѓу училиштето и родителите е испланирана во Развојната програма на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето, Програмата за работа на Советот на родители и Програмата за работа на Училишниот одбор. Училиштето превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема од нивната професија. Преку Советот на родители, родителите активно се вклучени во работата на училиштето и при тоа родителите редовно се информираат за училишните активности во текот на учебната година, даваат предлози, мислења и сугестии за подобрување на воспитно – образовната работа. Исто така, родителите имаат свои претставници во Училишниот одбор и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето. Училиштето на демократски начин врши избор на претставници на родителите во училишниот одбор. Постои пишана документација за прифатени и реализирани идеи од родителите/старателите за подобрување на воспитнообразовниот процес во училиштето. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби и приемни денови како и отворен ден за средба на родителите со предметните наставници еднаш во месецот.<br>Родителските средби се планираат уште на почетокот од учебната година и се реализираат во текот на годината. Родителите на родителските средби добиваат информации за успехот и дисциплината на учениците, како и за активностите кои се спровеле, кои се во тек, како и за понатамошните активности кои што училиштето планира да ги реализира. Покрај личните родителско-наставнички средби, родителите добиваат информации и преку Е- дневникот, facebook и веб страната на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Кога училиштето треба да донесе Одлуки за кои е потребна согласност од родителите, училиштето бара мислење од Советот на родителите. Предлозите, приговорите и жалбите упатени кон Советот на родители, се разгледуваат во законски определениот рок. Родителите се запознати со работата на Советот на родители преку претставникот на паралелката во Советот на родители на самите родителските средби. Програмата на Советот<br>на родители што се изработува е според Законот за основно образование и Статутот на училиштето.<br>Училиштето спроведува образовни работилници, трибини, добротворни акции, еко акции и др. на кои родителите земаат активно учество. Родителите исто така се вклучени во воспитно – образовниот процес преку стручна и техничка помош. |
| | Соработка со општината и со урбаната заедница | Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Училиштето го унапредува граѓанскиот активизам и волонтерското вклучување на учениците во активностите на заедницата. Општината и урбаната заедница се вклучуваат во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето промовира меѓуетничка интеграција во образованието и инклузивност во поширокота средина.<br>Училиштето изработува план за соработка со локалната средина и добива конкретна помош од неа. Училиштето соработува и со други воспитно-образовни институци, културни, спортски и хуманитарни институции и установи. Училиштето соработува со следниве институции од Локалната средина: Локална самоуправа, МОН, БРО, МВР, Центар за социјална работа,<br>Црвен крст, Информативните медиуми, Културни институции (Кинотека на РСМ, театри, кина, библиотеки, музеи) , Училишните здравствени диспанзери – Бит Пазар и Идадија, како и со други воспитно-образовни институции. Голем број на активности од делот на инфраструктурата во училиштетето реализирани се и финансирани од страна на Локалната самоуправа.<br>Училиштето учествува и на многу манифестации под покровителство на Локалната самоуправа. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училиштето дава голем поттик за учествување на сите ученици и нивно промовирање во различни области, како што се ликовни и литературни конкурси, еколошки хепенинзи и други манифестации на кои нашите ученици се промовираат себеси како и самото училиште. Училиштето има потпишано Меморандум на соработка со ООУ „Гонни“ - Лариса, Република Грција и Меморандум за соработка со ООУ „Перпарими”, Крушопек, Сарај за реализирање на активности од проектот за меѓуетничка интеграција. Училиштето ја продолжи соработката со здравствените организации: Здравствена установа „Бит пазар“, Здравствена установа „Идадија“, Ресурсен центар „Иднина” (од каде во учебната 2024/2025 година во воспитно-образовниот процес во редовната настава се обезбедени 6 образовни асистенти додека 4 лични асистенти се обезбедени од Општина Центар), Центар за социјални грижи, Црвен крст, Комисија за функционална проценка на попреченост во развојот и Центар за јавно здравје „Пролет”. Училиштето учествуваше и во истражувачка студија ,,Глобално истражување за употреба на тутун кај младите”, и од страна на медицински лица беше одржана работилницата за сексуално и репродуктивно здравје. Хуманитарните настани и учеството во јавни случувања се реализираа преку учество на : Настан по повод Денот на книгата и Денот на гладта, Хуманитарна продажна изложба во трговскиот центар Рамстор, Новогодишен хепенинг на боемска улица и новогодишна забава, Хуманитарен базар под мото ,,Спој на различни генерации”, Фестивал „Симит и погача во срцето на Скопје”, Работилница за прва помош, Активности во рамки на меѓународниот проект под наслов „Ретки се“. Работилници и предавања со јавна цел, се реализираа на теми: Безбедно користење на интернет,Трговија со деца, Штетност од пушење, Безбедност во училишта, Правила за малите пешаци, Сателитстко набљудување во справување со природни непогоди” (online во соработка со Грчка амбасада), Превенција од болести на зависности, Разговор со градоначалникот на Општина Центар - Скопје за врсничкото насилство и менталното здравје и активности по предметот граѓанско образование во VIII и IX одделение, поврзани со „Антикорупциска едукација на учениците“. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Проекти и конкурси со широка јавна видливост, во кои учествуваше училиштето се: Крени глас против врсничко насилство, Едуцирани млади – зелена иднина, Конкурс за избор на најдобро уредено училиште со рециклиран материјал „Учиме да рециклираме - заедно креираме“, Презентација ,,Суперхерој” , Работилници-Пренеси ја пораката,одиме во лов на електронски отпад; Електрична енергија и ЕКО-АКЦИЈА со родители, ученици, градоначалник и служби за комунална хигиена, која беше иницијатива на Советот на родители.<br>Проекти кои вклучија соработка со надворешни институции, меѓународни организации, здруженија и локалната заедница и имаа компоненти на јавни активности, информирање на јавноста и медиумска покриеност, а се реализаа во нашето училиште се: Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем, Меѓуетничка интеграција во образованието, Биди ИН, ИНклузивен, биди ИНклудиран, Унапредување на мулти /интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција, Мојот јагледорен отпечаток - едукација и училишна кампања за мерење и намалување на јаглеродниот отпечаток од секојдневните активности. |
| Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |
| - Кодекс на однесување;<br>- Куќен ред на училиштето;<br>- Набљудување на условите во училиштето;<br>- Протокол за превенција и заштита од насилство;<br>- Анкети/интервјуа со наставниците, стручните соработиници, родителите/старателите и со учениците;<br>- Педагошка евиденција за изречени педагошки | Превенција и заштита од насилство | Училиштето има изготвено програма и протокол како пишан документ во кој се дефинирани сите облици на насилство како што се психичко/ емоционално, физичко насилство, сексуално насилство, булинг, електронско насилство и семејно насилство. Училиштето ги координира активностите за заштита и безбедност на учениците со институциите на локалната самоуправа. Во училиштето се евидентира и санкционира секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците и се применуваат механизми за постапување и справување со евентуална појава на различни облици на насилство. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на учениците, а на потребите и грижите за нив им приоѓаат чувствително почитувајќи ги нивните права, приватност и достоинство. Во активностите за заштита од насилство, училиштето соработува со надлежните |

| | | |
|---|---|---|
| мерки;<br>- Записници од советувања;<br>- Извештај за работа на училиштето (полугодишен, годишен);<br>- Записници од советот на родители и родителски средби;<br>- Анкети и интервјуа со директорот, родителите/старателите, наставниците и со стручните соработници;<br>- Педагошка евиденција и документација;<br>- Организирани трибини, дебати, предавања со учениците, родителите/старателите и со претставниците на локалната заедница за теми поврзани со: ментално здравје, социо-емоционални вештини, здраво живеење и сл.;<br>- Записници од спроведените активности за професионална ориентација. | | институции (Центар за социјални работи, МВР, здравствени институции). При евентуални ситуации на појава на насилство, учесниците и сведоците на насилството, како и нивните родители се запознаени со своите права и процедури за поднесување на поплаки, а во случај на поплака училиштето постапува навремено и непристрасно. Наставниците и стручната служба секојдневно на часовите и надвор од нив работат на подобрувањето на училишната клима и односите помеѓу учениците. Училиштето исто така има донесено кодекс за однесување во кој строго е забранет некоректен и насилен однос помеѓу учениците.<br>За учениците од одделенска настава организирани се работилници на теми: Разум и срце, Врсничко насилство, Снегулки, Правила во училница, Запознавање на емоциите и Помагање на пријател.<br>За учениците од VI до IX-то одд., формиран е Клуб за ментално здравје кои заедно со психологот на одделенските часови, имаат реализирано работилници на следните теми: Како да ги контролираме емоциите, Социјализација, Последици на врсничко насилство врз менталното здравје, Депресија, Како медиумите влијаат врз менталното здравје на децата, Како да го негуваме менталното здравје, Разбирање на деца со попреченост, Бон-тон, Грижа за ментално здравје, Емпатија, Врсничко насилство/сајберулинг, Сајбербулинг, Емоции, Справување со успех и неуспех, Справување со загуба и Професионална ориентација. |
| | Заштита од пушење, алкохол и од дрога | Училиштето има политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол, забрана за дистрибуција и конзумирање наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба и не се дистрибуираат и користат наркотични средства. Постои соработка со релевантни институции и локалната самоуправа за спречување на девијатните појави во училиштето. Во училиштето се реализираат предавања од страна на вработени и надворешни стручни лица како на пример Центар за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и др. за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства. Во училиштето се спроведуваат и проектни активности, истражувања, дебати со поголемите ученици на зададените теми. Во прилог на сето ова во просториите на училиштето се истакнати |

| | | |
|---|---|---|
| | | плакати за забрана и штетност од пушење, алкохол и употреба на наркотични средства. Одделенските раководители посветуваат по неколку одделенски часови на овие теми во тек на учебната година. Исто така се одбележуваат сите денови на глобално ниво за борба против овие пороци со соодветни предавања од страна на учениците и наставниците според календарот за одбележување на овие денови. |
| | Квалитет на достапна храна | Училиштето внимава да бидат запазени стандардите за квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето постои целодневна настава каде учениците имаат топол оброк. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана на учениците. Користејќи соодветни работилници од програмата за Образование за животни вештини на одделенските часови наставниците градат свест кај учениците за значењето на здравата исхрана за правилен раст и развој и добро здравје. Во рамките на изборниот предмет „Вештини за живеење “ се одржуваат практични часови за подготовка на здрава храна.<br>Согласно Еко-програмата во сите одделенија учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје. |
| | Хигиена и заштита од болести | Во училиштето постојано се води грижа за хигиената да се одржува на високо ниво. Тоалетите редовно се чистат и дезинфицираат во секое веме од денот. Училиштето води грижа учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја оддржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат еднаш во денот, подот и мебелот во училниците се чистат пред почетокот на смената и на крајот на работниот ден а прозорците, вратите и другиот се чистст најмалку по два пати во секое полугодие.Училиштето еднаш годишно врши<br>дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Во фоајето пред секоја училница како и во училишниот двор има корпи за отпадоци. Дворот на училиштето секојдневно се чисти од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во училиштето се реализираат предавања и работилници на актуелни теми за заштита од заразни болести. Училиштето со цел за превенција од заразни болести има изготвено и поставено на соодветни места (во холовите и тоалетите) плакати за одржување на личната хигиена на учениците. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Редовно се организираат систематски прегледи за вработените и учениците. Согласно законската обврска за вакцинирање, во текот на првото полугодие учениците кои не се вакцинирале на редовниот термин при систематски преглед, по добиени списоци на невакцинирани ученици училиштето ги известува родителите и ги повикуваа учениците да се<br>вакцинираат во однапред определени термини во школскиот диспанзер за здрави деца во здравствениот дом „Бит пазар'.<br>Во училиштето редовно се вршат контроли на хигиената од страна на овластена санитарна инспекција. Во училиштето има наставници кои се обучени за давање прва помош. |
| | Грижа за безбедноста на учениците и вработените | Училиштето се труди училишниотниот простор во секој момент да е безбеден за успешно изведување на наставата. Во секој училница во училиштето има поставено сандаче со прибор за прва помош, кој би се употребил доколку би дошло до повреда на некој од учениците. Во училиштето има поставено апарати за против-пожарна заштита. Повремено на одделенските часови се одржуваат предавања за заштита од разни елементарни непогоди како земјотреси, поплави, пожар и др.<br>Во училиштето секој ден се реализираат редовни дежурства на влезните врати и во ходниците од страна на наставниците пред почетокот на наставата како и за време на одморите . Во училиштето има сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.<br>Училиштето има интерен акт – план за постапување при елементарни непогоди. Со истиот се запознаени сите вработени и ученици. Училишниот објект, училишната опрема, вработените и учениците се осигурани. Нашето<br>училиште има обезбедено постојано физичко обезбедување во текот на наставата како и чувар на објектот по завршувањето на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | Грижа за учениците од социјално загрозени семејства | Училиштето води грижа за учениците од социјално загрозените семејства и кога се укажува можност обезбедува материјални средства или друг вид помош со надворешна финансиска подршка (општина, хуманитарни организации, приватни фирми...) Училиштето спроведува интерни хуманитарни акции и соработува со родителите, локалната заедница и други релевантни институции (центри за социјална помош и сл.) со цел да се овозможи вклучување на сите ученици во воннаставните активности.<br>Училиштето изнаоѓа најразлични начини да им помогне на учениците од социјално загрозените семејства, со тоа што им ги покрива трошоците за исхрана во училиштето од сопствени извори, донации од родителите на учениците во училиштето или во соработка со набавувачот.<br>За учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства училиштето<br>обезбедува средства и за присуството на учениците на екскурзиите преку донации од родители или преку донации од самите туристички организации преку кои се реализира екскурзијата. Во училиштето секоја година кога се реализира кампањата „Ден на гладтта“ сите прехрамбени производи кои што ќе се соберат како донација од родителите на учениците од училиштето рамноправно им се донираат на сите ученици од социјално загрозени семејства во нашето училиште. |
| | Грижа за учениците со здравствени проблеми | Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отствуваат од редовната настава. На учениците поради заболување или посериозни повреди кои подолго време отсуствуваат од настава им даваме можност за проверка на знаењата и при тоа соработуваме со нивните родители, здравствените установи, центрите за социјална работа, хуманитарни организации и со други релевантни институции. Наставата за овие ученици се реализира во договор со наставникот и родителите на ученикот или се реализира онлајн настава со ученикот доколку тој е во можност да следи таков вид на настава.<br>Во училиштето се води сметка и за тоа дека доколку имаме ученици со телесни пречки во развојот или ученици во инвалидска количка |

| | | |
|---|---|---|
| | | да им биде овозможен лесен пристап до училишните простории на тој начин што постои нагорна патека за влез во училишната зграда како и лифт за пристап до училниците од погорните катови на училиштето. |
| | Грижа за социо-емоционалната добросостојба на учениците | Училиштето се труди за навремено откривање на учениците со емоционални проблеми. Одделенскиот раководител, наставниците, психологот и другите стручни соработници секогаш се трудат да им помогнат на учениците во вакви ситуации и доколку има потреба стручната служба ги упатува овие ученици до соодветните и релевантни институции.<br>Како најчести причини за настанувањето на емоционалните проблеми кај учениците се семејни проблеми (развод на родителите, живот со еден родител, губење на еден родител, загуба на личност во семејството со која биле блиски, чести конфликтни ситуации во семејството и сл).<br>Најнапред се води разговор со ученикот кој има проблем. Зависно од тоа дали е проблемот во врска со некаков конфликт со друг ученик, нередовност во наставата, несоодветно однесување со училишниот инвентар – соодветно се разговара со ученикот. Исто така ваква информација им се дава и на родителите. Се повикуваат родителите на разговор од страна на педагогот, психологот и одделенскиот раководител и се запознаваат со проблемот кој го има ученикот, отворено се разговара со родителот и понатаму се превземаат мерки за подобрување и решавање на проблемот. |
| | Давање помош при изборот за продолжување на образованието | Во училиштето редовно се организира и спроведува советодавна помош и поддршка на учениците за правилен избор на средно училиште, односно за правилен избор на идно занимање.Одговорниот тим за професионална ориентација секогаш им дава на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование. Подготовката што ја организира училиштето за учениците од деветите одделенија за избор на понатамошно образование, усовршување или вработување по завршувањето на основното/средното образование опфаќа широк спектар на добро структурирани активности, (самооценување на вештините и интересите на учениците, помош во изработката на |

| | | |
|---|---|---|
| | | кратка биографија, подготовка за интервјуа за работа). Нашето училиште редовно ги следи конкурсите за упис во средните училишта. По претходно барање од средните училишта, на учениците им се овозможува директна средба со професори од училиштата кои вршат презентација на своите училишта, со струките и занимањата кои постојат во нив, условите за запишување, можностите за напредување и идно вработување.<br>Училиштето во своите простории овозможува и презентации од страна на средните училишта, дистрибуција на флаери до учениците и родителите, презентации за условите кои ги нудат средните училишта, во соработка со локалните средни училишта Стручната служба во училиштето работи на професионалното информирање и ориентирање на учениците преку едукација за избор на струка и училиште во кое ќе го продолжат своето средно образование. |

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Одговорни за собирање на информации | Собрани информации: |
|---|---|---|
| - Прашалник за наставници | Зорица Стефановска;<br><br>Катерина Петковска;<br><br>Викторија Илиеска;<br><br>Валентина Зорчец. | Прашалник за наставници – одговори<br><br>1. Имам учествувано во изработка / ажурирање на кодексот за однесување во училиштето<br><br>Целосно се согласувам – 7<br>Се согласувам – 14<br>Не се согласувам – 5<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 1<br><br>2. Училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување<br><br>Целосно се согласувам – 13 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се согласувам – 13<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>3. Атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка<br><br>Целосно се согласувам – 13<br>Се согласувам – 14<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>4. За време на моите часови има добра работна атмосфера<br><br>Целосно се согласувам – 18<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>5. Добро соработувам со колегите во училиштето<br><br>Целосно се согласувам – 14<br>Се согласувам – 13<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>6. Со моите ученици спроведувам активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти<br><br>Целосно се согласувам – 16<br>Се согласувам – 10<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Не знам/ Немам информација – 0<br><br>7. Во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници  во врсничко насилство<br><br>Целосно се согласувам – 16<br>Се согласувам – 8<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 2<br><br>8. Учениците ги мотивирам да  учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес<br><br>Целосно се согласувам – 18<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>9. Реализирам работилници за запознавање на родителите со правата  и обврските на децата<br><br>Целосно се согласувам – 4<br>Се согласувам – 16<br>Не се согласувам – 6<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 1<br><br>10. На учениците им укажувам на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето<br><br>Целосно се согласувам – 18<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 11. Соодветно реагирам на поплаките на учениците за нееднаков третман<br><br>Целосно се согласувам – 20<br>Се согласувам – 7<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>12. Различните маргинализирани / ранливи групи ги вклучувам во училишните активности<br><br>Целосно се согласувам – 15<br>Се согласувам – 12<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>13. Учествувам во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога<br><br>Целосно се согласувам – 13<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 3<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 2<br><br>14. Учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите<br><br>Целосно се согласувам – 13<br>Се согласувам – 13<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>15. Ве молиме искористете го просторот подолу за дополнително образложение на прашањата. Исто така, можете да додадете други ваши коментари за училишната клима и односи во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | - Училишната клима е мотивирачка и поттикнувачка за учењето и воспитниот развој на учениците.<br>- Училиштето ни овозможува да ги презентираме нашите идеи.<br>- Би сакал повеќе екскурзии и работилници со колегите надвор од местото на живеење, бидејќи ги зацврстуваат капацитетите<br>- Климата во нашето училиште е позитивна. Има соработка меѓу наставниците и учениците.<br>- Училишната клима и односите во училиштето се реализираат според одредени ситуации. |
| - Прашалник за ученици | | 1. Во кое одделение си ученик?<br><br>IV одделение - 4<br>V одделение - 2<br>VI одделение – 6<br>VII одделение - 2<br>VIII одделение - 6<br>IX одделение – 20<br><br>2. Во училиштето се чувствувам сигурно и безбедно.<br><br>целосно се согласувам - 14<br>се согласувам - 18<br>не се согласувам -3<br>целосно не се согласувам - 2<br>не знам/немам информации - 3<br><br>3. Во училиштето се чувствувам прифатено од другите ученици.<br><br>целосно се согласувам - 15<br>се согласувам - 19<br>не се согласувам -3<br>целосно не се согласувам - 2<br>не знам/немам информации – 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4. Во училиштето се чувствувам прифатено од наставниците.<br><br>целосно се согласувам - 13<br>се согласувам - 17<br>не се согласувам -5<br>целосно не се согласувам - 4<br>не знам/немам информации – 2<br><br>5. Сакам да одам на училиште.<br><br>целосно се согласувам - 13<br>се согласувам - 12<br>не се согласувам -9<br>целосно не се согласувам - 6<br>не знам/немам информации – 1<br><br>6. Наставниците ги разбираат моите потреби и проблеми.<br><br>целосно се согласувам - 8<br>се согласувам - 12<br>не се согласувам - 8<br>целосно не се согласувам - 6<br>не знам/немам информации – 7<br><br>7. Во одделението/училиштето имаме донесено заеднички правила на однесување, кои ги почитуваме.<br><br>целосно се согласувам - 8<br>се согласувам - 17<br>не се согласувам - 9<br>целосно не се согласувам - 4<br>не знам/немам информации – 3<br><br>8. Запознаен/а сум со последиците доколку не ги почитувам правилата во училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласувам - 18<br>се согласувам - 14<br>не се согласувам - 7<br>целосно не се согласувам - 0<br>не знам/немам информации – 2<br><br>9. Училишните правила се применуваат подеднакво за сите ученици<br><br>целосно се согласувам - 13<br>се согласувам - 13<br>не се согласувам - 5<br>целосно не се согласувам - 8<br>не знам/немам информации – 2<br><br>10. Имам еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите ученици.<br><br>целосно се согласувам - 15<br>се согласувам - 15<br>не се согласувам - 4<br>целосно не се согласувам - 6<br>не знам/немам информации – 1<br><br>11. Имам еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување пра шања, презентирање, одговарање), како и другите ученици.<br><br>целосно се согласувам - 23<br>се согласувам - 13<br>не се согласувам - 1<br>целосно не се согласувам - 3<br>не знам/немам информации – 1<br><br>12. Ученичката заедница од моето одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето.<br><br>целосно се согласувам - 4<br>се согласувам - 21 |

| | | |
|---|---|---|
| | | не се согласувам - 5<br>целосно не се согласувам - 2<br>не знам/немам информации – 9<br><br>13. Знам како да постапам и каде да се обратам ако забележам прекршување на моите права.<br><br>целосно се согласувам - 13<br>се согласувам - 19<br>не се согласувам - 4<br>целосно не се согласувам - 3<br>не знам/немам информации – 2<br><br>14. Кога имам потреба од помош, можам да се обратам на раководителот на паралелката или на друг н аставник.<br><br>целосно се согласувам - 14<br>се согласувам - 20<br>не се согласувам - 3<br>целосно не се согласувам - 2<br>не знам/немам информации – 2<br><br>15. Можам слободно да барам совет и поддршка  од педагогот или психологот во училиштето.<br><br>целосно се согласувам - 9<br>се согласувам - 17<br>не се согласувам - 7<br>целосно не се согласувам - 5<br>не знам/немам информации – 3<br><br>16. Во училиштето добивам поддршка и помош при решавање на некој проблем.<br><br>целосно се согласувам - 10<br>се согласувам - 19<br>не се согласувам - 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно не се согласувам - 3<br>не знам/немам информации – 4<br><br>17. Знам како треба да постапам ако забележам или ми се случи врсничко насилство во училиштето<br><br>целосно се согласувам - 15<br>се согласувам - 20<br>не се согласувам - 3<br>целосно не се согласувам - 2<br>не знам/немам информации – 1<br><br>18. Во училиштето работиме на решавање конфликти и спречување насилство.<br><br>целосно се согласувам - 13<br>се согласувам - 18<br>не се согласувам - 5<br>целосно не се согласувам - 3<br>не знам/немам информации – 2<br><br>19. Учествувам во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства.<br><br>целосно се согласувам - 11<br>се согласувам - 15<br>не се согласувам - 5<br>целосно не се согласувам - 4<br>не знам/немам информации – 6<br><br>20. Училиштето е чисто и уредно.<br><br>целосно се согласувам - 4<br>се согласувам - 18<br>не се согласувам - 12<br>целосно не се согласувам - 5<br>не знам/немам информации – 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 21. Дали некој несоодветно се однесувал кон тебе на училиште .<br><br>да - 11<br>не – 30<br><br>22. Ако одговорот на претходното прашање беше ДА, те молиме да опишеш во просторот подолу што с е случило/се случува:<br><br>• Повеќето деца (гласните и „популарните“) се однесуваат лошо со останатите.<br>• Другарки од одделение ме малтретираа.<br>• Тео од 5А ме навредува со лоши зборови, или понекогаш ме удира со топка.<br>• Поголемите ги закачаат помалите од 6-то одделение па надоле.<br>• Да има многу случки но една од нив е кога некој деца не ни даваат да излеземе од тоалет, не прс каат со вода и затоа касниме на час.<br>• Ми се случило многу пати, но јас не го сметам за сериозен случај.<br>• Многу работи ми се случиле, најчесто се навреди кон мене од други соученици.<br>• Сите од 9-то одд. ги малтретираат малите од 7-мо надоле и јас сум 6 одд. и мене ми бараат пари и ме малтретираат но јас знам како да се одбранам.<br><br>23. Доколку сакаш да додадеш нешто во врска со прашањата или училиштето и училишната клима и од носите во училиштето, може да го напишеш своето мислење во просторот подолу.<br><br>• Децата треба повеќе да се грижат за училиштето и дворот.<br>• Треба да се донесе правило за да не се шкрта и пишува на училишните клупи и во тоалетите, да имаме повеќе трева во училишниот двор и клупи ако може за во лето да не се замирисува во училницата да имаме место за јадење надвор.<br>• Да има мрежи на головите, да има фудбалски топки во добра кондиција и да има уредена соблек увална<br>• Мислам дека треба да има во секоја училница барем по една клима.<br>• Топ е школото си го обожавам.<br>• Мислам дека единствено нешто што фали е само подобри тоалети со подобра приватност.<br>• Супер е нашето училиште. |

| | | |
|---|---|---|
| - Прашалник за родители | | I дел:<br><br>1. Кое одделение е вашето дете?<br><br>I одделение - 3<br>II одделение - 1<br>III одделение - 1<br>IV одделение - 6<br>V одделение - 2<br>VI одделение - 5<br>VII одделение - 2<br>VIII одделение - 4<br>IX одделение - 1<br><br>2. Запознаен/а сум со кодексот на однесување во училиштето.<br><br>Целосно се согласувам – 14<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 1<br><br>3. Имам можности да придонесам за развој/ажурирање на содржината на Кодексот на однесување.<br><br>Целосно се согласувам – 9<br>Се согласувам – 10<br>Не се согласувам – 2<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 4<br><br>4. Моето дете е прифатено и почитувано од наставниците.<br><br>Целосно се согласувам – 17 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Се согласувам – 8<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>5. Моето дете е прифатено и почитувано од соучениците<br><br>Целосно се согласувам – 13<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 3<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>6. Моето дете сака да оди на училиште<br><br>Целосно се согласувам – 17<br>Се согласувам – 8<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>7. Училиштето добро се справува со дисциплината<br><br>Целосно се согласувам – 8<br>Се согласувам – 13<br>Не се согласувам – 3<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 1<br><br>8. Сум бил/а вклучен/а во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето<br><br>Целосно се согласувам – 4<br>Се согласувам – 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Не се согласувам – 5<br>Целосно не се согласувам – 1<br>Не знам/ Немам информација – 7<br><br>9. Моето дете, во училиштето, ги добива истите услови за учење како и другите ученици.<br><br>Целосно се согласувам – 16<br>Се согласувам – 9<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>10. Моето дете е оценувано според исти критериуми како и другите ученици.<br><br>Целосно се согласувам – 12<br>Се согласувам – 12<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>11. Моето дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на неговиот пол, етничка припадност, религиска припадност или друго.<br><br>Целосно се согласувам – 20<br>Се согласувам – 5<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 0<br><br>12. Училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците.<br><br>Целосно се согласувам – 10<br>Се согласувам – 11<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 13. Мислењата и ставовите на родителите/старателите за унапредување на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.<br><br>Целосно се согласувам – 6<br>Се согласувам – 13<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 5<br><br>14. Запознаен/а сум со училишниот протокол за превенција и постапување во случаи на насилство.<br><br>Целосно се согласувам – 7<br>Се согласувам – 12<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 5<br><br>15. Во училиштето се спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти.<br><br>Целосно се согласувам – 6<br>Се согласувам – 12<br>Не се согласувам – 2<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 5<br><br>16. Училиштето добро се справува при појава на насилство.<br><br>Целосно се согласувам – 6<br>Се согласувам – 14<br>Не се согласувам – 0<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 5<br><br>17. Во училиштето се преземаат мерки за превенција за заштита од алкохол, пушење и дрога. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Целосно се согласувам – 5<br>Се согласувам – 7<br>Не се согласувам – 2<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 11<br><br>18. Хигиената во училиштето е на високо ниво.<br><br>Целосно се согласувам – 3<br>Се согласувам – 16<br>Не се согласувам – 4<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 2<br><br>19. Училиштето се грижи за добросостојбата на моето дете.<br><br>Целосно се согласувам – 11<br>Се согласувам – 11<br>Не се согласувам – 2<br>Целосно не се согласувам – 0<br>Не знам/ Немам информација – 1<br><br>20. Училиштето се грижи за емоционалната состојба на моето дете.<br><br>Целосно се согласувам – 6<br>Се согласувам – 15<br>Не се согласувам – 1<br>Целосно не се согласувам – 1<br>Не знам/ Немам информација – 2<br><br>21. Училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.<br><br>Целосно се согласувам – 4<br>Се согласувам – 7<br>Не се согласувам – 4<br>Целосно не се согласувам – 1<br>Не знам/ Немам информација – 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | | 22. Ве молиме искористете го просторот подолу за дополнително образложение на прашањата. Исто така, можете да додадете други Ваши коментари за училиштето за училишна клима и односи во училиштето.<br><br>• Училиштето добро се грижи за учениците.<br>• За одредени прашања немам информации бидејќи моето дете е прво одделение. Но сметам дека училиштето во иднидна би ни ги овозможило дадените информации бидејќи досега моето искуство е позитивно и сум задоволна од работата на наставниците и самото училиште.<br><br>II дел:<br><br>1. Училиштето е транспарентно за родителите:<br><br>Целосно се согласувам – 20<br>Делумно се согласувам – 7<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 0<br><br>2. Училиштето редовно ја ажурира веб страната на училиштето и преку веб страната родителите добиваат информации за училиштето:<br><br>Целосно се согласувам – 15<br>Делумно се согласувам – 10<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 2<br><br>3. Родителите добиваат редовни и детални информации за сопствените деца во сите активности во училиштето:<br><br>Целосно се согласувам – 24<br>Делумно се согласувам – 3<br>Не се согласувам – 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Немам информација – 0<br><br>4. Одделенските наставници редовно организираат родителски средби:<br><br>Целосно се согласувам – 27<br>Делумно се согласувам – 0<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 0<br><br>5. Училиштето редовно организира индивидуални родителски средби – Отворен ден:<br><br>Целосно се согласувам – 19<br>Делумно се согласувам – 4<br>Не се согласувам – 1<br>Немам информација – 3<br><br>6. Наставниците постапуваат правично кон моето дете и го поттикнуваат слободно да ги искажува своите ставови:<br><br>Целосно се согласувам – 23<br>Делумно се согласувам – 3<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 0<br><br>7. Училиштето бара мислење од родителите и ги зема во предвид нивните сугестии:<br><br>Целосно се согласувам – 20<br>Делумно се согласувам – 7<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 0<br>8. Родителите се запознаени со работата на Советот на родители преку нивните претставници:<br><br>Целосно се согласувам – 26<br>Делумно се согласувам – 1<br>Не се согласувам – 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | | Немам информација – 0<br><br>9. Родителите се запознаени со работата на Училишниот одбор преку нивните претставници во Советот на родители:<br><br>Целосно се согласувам – 22<br>Делумно се согласувам – 5<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 0<br><br>10. Родителите се вклучени во реализација на воспитно – образовниот процес:<br><br>Целосно се согласувам – 16<br>Делумно се согласувам – 10<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 1<br><br>11. Родителите се вклучени во хуманитарни акции што ги организира и спроведува училиштето:<br><br>Целосно се согласувам – 26<br>Делумно се согласувам – 0<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 1<br><br>12. Постои активна соработка меѓу училиштето и деловната, општествената и локалната заедница:<br><br>Целосно се согласувам – 20<br>Делумно се согласувам – 6<br>Не се согласувам – 0<br>Немам информација – 1 |

**Опис/резиме на подрачјето**

Нашето училиште согласно ресурсите со кои располага, просторни, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси препознатливо е по високиот квалитет на работа. Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците и вработените. Училиштето има Кодекс на однесување кој важи и се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи меѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес, взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.
Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Педагошко-психолошката служба во училиштето има добра соработка со наставниците, родителите и учениците и со успех ги решаваат одредените потешкотии.

Во училиштето постои демократски избрана Ученичка заедница и Ученички парламент кои учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки што се од непосреден интерес за учениците. Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. Училиштето ги промовира личните постигнувања на учениците преку разни електронски и печатени медиуми. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и успеси. Се промовираат еднаквоста и правичноста на сите структури што учествуваат во воспитно-образовниот процес. Во училиштето постојано се организираат предавања, едукативни работилници и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалната средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана.
Учениците се вклучени во носење на одлуки (предлози/идеи). Нивните ставови се земаат во предвид преку мислења/сугестии низ анкетни прашалници (бираат слободни активности/предмети според нивните интереси). Нивното учество има лично и општествено значење, учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, да влијаат врз демократските процеси на одлучување во училиштето и заедницата.Донесените правила на однесување и последиците од непочитување на истите се целосно транспарентни преку Етичкиот кодекс на однесување, Протоколот за постапка за пријава и заштита на на ученик - жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, работилници за заштита од насилство и развивање на комуникациски вештини (организирани од психологот и преку индивидуални средби/ советувања за ученици, но и за родители на ученици - жртви или манифестатори на насилно однесување). При прекршување на нивните права, знаат каде да се обратат и

добиваат поддршка/помош од училиштето при решавање на одреден проблем. Учениците од IX одд. земаат поголемо учество во обработка на теми врсничко насилство и ментално здравје, развивајќи критички ставови. Училиштето соработува и со средните училишта преку различни форми на културно – образовни активности, а особено е значајна соработката во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.

Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.Наставниците во нашето училиште планираат и реализираат родителски средби и детално ги информираат родителите за учениците и активностите на училиштето. Секој наставник планира и реализира еднаш месечно приемен ден за родители каде родителите добиваат исцрпни информации за се она што ги интересира во врска со нивното дете. Училиштето превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на сите нивоа. Преку Советот на родители и Училишниот одбор родителите се информираат за сите училишни активности, даваат предлози, мислења и сугестии. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти. Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.

Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат.

Од собраните податоци од прегледани записници, анкетни прашалници за ученици/наставници/родители и интервјуа со директор/стручни соработници, се покажа дека сите целни групи, навремено и јасно се информирани за целокупниот воспитно-образовен процес во и надвор од училиштето. Комуникацијата на релацииите стручен соработник – наставник/ученик, наставник – наставник /ученик/ родител е добро регулирана. Навремената и јасна информираност на наставниците се реализира преку состаноци, е-пошта и viber-интерна група за споделување информации.

Раководството е отворено за предлози/мислења од наставниците (се практикува меѓусебна соработка при донесување одлуки, се следат наставни часови со повратна конструктивна информација, има позитивна работна атмосфера и наставниците се поттикнати на стручно усовршување). Постои колегијална соработка при тимска работа и решавање на конфликти, а со стручната служба се реализираат активности преку различни форми. Комуникацијата се одвива преку одделенски/наставнички совети, стручни активи (размена на искуства/идеи), тимско работење со стручните тимови, се со цел да се развијат комуникативните компетенции на сите релации меѓу учениците, наставниците и стручните соработници.

Родителите се активно вклучени во воспитно-образовниот процес како и при реализацијата на базарите и хуманитарните акции на училиштето. Училиштето е транспарентно за родителите. Веб страната на училиштето редовно се ажурира. Училиштето соработува и со локалната средина, односно со: Локалната самоуправа и Градоначалникот, МОН, БРО, МВР, Здравствените домови „Бит пазар“ и „Идадија“, културни институции, Црвен крст, невладини организации, други воспитно-образовни институции итн.

Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна. Во рамките на своите можности локалната заедница и бизнис секторот помогаат во остварувањето на потребите на училиштето, кои се во интерес на учениците.

За транспарентноста на воспитно-образовниот процес во училиштетото, најчести извори се Web и Facebook страната на училиштето (воннаставни активности од научно - едукативен и финансиско - правен карактер, еколошки и хуманитарни акции,

работилници, настани, манифестации, посети и локални проекти, во соработка со локални и меѓународни организации и амбасади и приватни компании), како и реализирани екскурзии, дипломи, признанија, пофалници од учество на натпревари (со организација и промоцијата во договор со наставниците и доброволна вклученост на родителите.
За да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница, училиштето континуирано го унапредува квалитетот на соработка , како со општината така и со образовните институции, истовремено информирајќи ги и за проблемите со кои се соочува ( стекнување доверба и поволно мислење како член на заедницата). Пошироко училиштето  се вмрежува со други локални заедници преку партнерства со различни бизнис-сектори и невладини организации. Ја продолжува соработката со здравствените организации, учествува во волонтерски и хуманитарни акции, работилници и предавања со јавна цел и е дел од проекти кои вклучуваат соработка со надворешни институции, меѓународни организации, здруженија кои имаат компоненти на јавни општествени активности, информирање на јавноста и медиумска покриеност.

**Силни страни**

- Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците
- Наставниците ги поттикнуваат учениците кон повисоки постигањата
- Најголем дел од родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето и сметаат дека во училиштето владее клима каде наставниците се почитуваат меѓусебно.
- Најголемиот дел од учениците од фокус групата часовите ги доживуваат како интересни и се изјаснуваат дека имаат слобода да го искажат своето мислење на часот.
- Со години се негува и продлабочува соработката со локалната самоуправа при  реализирање на разни културни, спортски и други активности
- Најголемиот дел од учениците сметаат дека сите ученици еднакво се третирани за време на часовите, оценките кои ги добиваат им се образложени и им се даваат конкретни насоки како да се подобрат.
- Училиштето постигнува завидни резултати на натпревари на знаења и натпревари во воннаставни активности
- Училишниот парламент се организира и спроведува успешно. Активно работи на подобрување на работата на училиштето и има исполнети активности во текот на учебната година.
- Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината, а се од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има соработка со Поликлиниките „Бит пазар“ и „Идадија“, Полиција, Црвениот крст и други институции.
- Најголемиот дел од учениците се изјаснуваат дека чувствуваат безбедно за време на наставата и одморите и дека знаат каде и кому да се обратат доколку се почуствуваат небезбедно.
- Училиштето се грижи за социо - емоционалната добросостојба на учениците
- Преку интерни работилници, внатрешни посети и посета на отворени денови училиштето им дава помош на учениците при изборот за продолжување на образованието
- Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди .

- Училиштето има транспарен однос со јавноста преку промоција на училишните активности и вклученост на училиштето во локални проекти, со достапност на тие информации на web-страната и Facebook страната на училиштето, кои постојано се ажурираат
- Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво, со што има изградено углед препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците
- Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност (семинари, обуки и проекти) , комуникација со образовни, здравствени и други установи и институции кои допринесуваат за реализирање на целите и задачите на воспитно - образовната работа

**Слаби страни**

- Потребно е подобро и поквалитетно одржување на хигиената во училиштето (мал број на вработени како технички кадар).
- Соработката со бизнис секторот, преку предавања, трибини и посети е воспоставена, но не е на највисоко ниво.

**Приоритети**

- Поинтензивна промоција на значајни достигнувања на надарените ученици (читање на разглас, одржување на мини настани / посебни свечености со доделување Пофалници за постигнувањата на крај од учебната година и истакнување на сите ученици со високи резултати во натпревари на пано на влезот на училиштето).

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Закон за основно образование;<br>Статут на училиштето;<br>Деловник за работа на УО;<br>Решенија за членови на УО и Директор;<br>Закон за работни односи;<br>Решенија, одлуки, донесени акти;<br>Годишна програма и Извештаи за работата на училиштето;<br>Записници од одржани состаноци на УО;<br>Записници и извештаи од одржани состаноци на Совет на родители, Наставнички совети, Училишен одбор;<br>Записници и извештаи од одржани состаноци на Стручни активи;<br>Записници од состаноци на Ученички парламент;<br>Записници од увиди на работењето во училиштето од страна на Директорот;<br>Прашалници за ученици, родители и наставници;<br>Интервју со директорот;<br>Извештај од самоевалуација | Управување со училиштето | Врз основа на Законот за основно образование Орган на Управување со Основно Училиште е **Училишниот Одбор**<br>Училишниот Одбор на училиштето е составен од 7 членови: 3 членови претставници од наставници, стручни соработници и воспитувачи од училиштето, 3 членови претставници од родители на ученици, 1 член претставник од Локалната самоуправа.<br>Како орган за управување со училиштето Училишниот Одбор:<br>➢ Донесува Статут на Основно училиште<br>➢ Предлага Годишна програма за работа<br>➢ Изготвува Извештај за работа<br>➢ Поднесува Финансиски план до основачот<br>➢ Врши интервју и дава мислења за избор на директор<br>Соработката на Раководниот Орган со членовите на Органот на Управување е сестрана и опфаќа:<br>➢ Демократски однос во размена на идеи, сугестии и предлози и постојан проток на информации кон членовите на Училишниот одбор;<br>➢ Навремено известување за времето на одржување на седниците и запознавање со Дневниот ред;<br>➢ Релаксирана работна атмосфера, позитивна енергија и голема толерантност и меѓусебно разбирање;<br>➢ Меѓусебно залагање за решавање на проблеми кои се јавуваат во училиштето;<br><br>Во текот на своето работење во периодот на 2023/2025 год. беа свикани и реализирани 23 состаноци на Училишен Одбор.<br>По увид во записниците од седниците на УО констатирана е редовност на неговите членови. Според Законот за Основно Образование и Статутот на Училиштето со седницата на УО раководи Председателот на УО , а редовно |

| | | |
|---|---|---|
| План за развој на училиштето<br>Акциони Планови<br><br>Програма за работа и извештаи за работата на училишниот одбор;<br>Деловник за работа на училишниот одбор<br>План за професионален развој;<br>Склучени договори, тендерска документација за јавни набавки<br>Записници од инспекциски надзори<br>Буџет и финансиски план на училиштето<br><br>Инвентарни книги од библиотеката;<br><br>Електронската документација на библиотеката;<br><br>Документација за планирани и набавени потрошни материјали за наставата во училиштето и информатичка опрема;<br><br>Програма за професионален развој на наставниците; | | и по службена должност присутен е Раководниот Орган - Директорот на Училиштето.Седниците на УО ги свикува Председателот на УО.<br>Состаноците на **Одделенски и Наставнички Совет** ги свикува и со нив раководи Директорот.Во периодот од 01.09. 2023г. до 31.08.2025г. одржани се 25 седници на Наставнички совет.<br>Состаноци на **Советот на Родители** поттикнува Председателот на Советот на родители и раководи со нив. Во периодот од 2023-2025 се одржани 17 седници на Совет на родители. Претседател на СР е светлана Димитриевска.<br>Одлуките донесени на Совет на родители и УО се транспарентни.<br>Информациите кои се од интерес за учениците директорот или одделенскиот раководител ги пренесува преку Книга и табла за соопштенија, е пошта, веб страница, вибер групи.<br>Родителите се информираат за прашања од областа на воспитно - образовниот училишен живот преку родителски состаноци, Е – дневник, е-пошта, вибер група, училишната веб страница, како и преку преставниците во Советот на Родители кои се застапени со по еден претставник од секоја паралелка. Записникот од одржан Совет на родители претставниците го добиваат преку електронска пошта или вибер група.<br><br>Помеѓу членовите на Училишниот одбор има правична застапеност на полови и на различни општествени групи.<br>Членовите се делегирани согласно законската регулатива од:<br>-Наставничкиот Совет на училиштето;<br>-Советот на родители во училиштето;<br>-Локалната власт;<br>Претседател на УО е Василка Салевска Трајкова.<br>Сите надлежности и административни задачи на Училишниот одбор се во согласност со законските регулативи. Редовно се одржуваат состаноци на овие структури и тоа во согласност со потребите кои се тесно поврзани со активностите во училиштето. За присуството се грижат Претседателот на УО и Директорот.<br>Сите донесени одлуки, решенија и акти се со јасен консензус и за нив гаранција е потребниот кворум за работа. Сите субјекти во училиштето целосно и редовно се известени за работата на овие структури, а донесените решенија, одлуки и акти доследно се спроведуваат.<br>Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку |

| | | |
|---|---|---|
| Програми за работа на ментор со приправник; | | активностите на стручните активи. Тие се:<br>1.Стручен актив на одделенска настава<br>2.Стручен актив на природно-математичка група предмети<br>3.Стручен актив на општествено-јазична група предмети<br>Од состаноците на Стручните Активи произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето.<br>Стручните Активи предлагаат до Наставничкиот Совет наставници за членови за УО кои покажале квалитет и резултати во работењето.<br>Придонес во раководењето има и Советот на родители на чии состаноци се рагледуваат и разменуваат информации и иницијативи за успешно реализирање на основната дејност на училиштето.<br>Ученичкиот парламент составен од претставници на учениците од сите паралелки редовно одржува состаноци на кои се изнесуваат мислења, идеи и иницијативи за подобрување на квалитетот во образовно воспитниот процес, а воедно преку членовите на УП редовно се известуваат на директен начин и останатите ученици за превземените активности.<br><br>Учесници во раководењето се и сите одделенски раководители на паралелките и наставници од одделенска и од предметна настава.<br>Во училиштето се формирани Училишен инклузивен тим и Инклузивен тим за ученикот. |
| | Раководење со училиштето | За успешна реализација на воспитно-образовната работа во училиштето и присутност на позитивна клима заслужен е **Директорот** на училиштето кој претставува **орган на раководење** на основното училиште. Директорот на училиштето има свои надлежности:<br><br>➢ Одговорно и совесно ја извршува работата според законските регулативи;<br>➢ Подготвува Годишна програма за работа;<br>➢ Подготвува Програма за развој на училиштето;<br>➢ Спроведува анализа на материјално-техничка состојба на училиштето;<br>➢ Врши распределба на часови и здолженија на наставници;<br>➢ Соработува со стручни соработници(тим на наставници,стручен тим);<br>➢ Организира и учествува во професионалниот развој на наставниците;<br>➢ Врши увид во финансиското материјално работење на училиштето; |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Соработува со Училишниот Одбор ,Советот на родители ,Локалната средина, МОН, БРО, и родителите;<br>➢ Врши анализа на постигнатите резултати на учениците;<br>➢ Активно учество во работата на Активот на директори;<br>➢ Учествува во организација на училишни и регионални натпревари;<br>➢ Негува толерантност, разбирање и меѓусебно почитување со наставниците и родителите;<br>Директорот се однесува поддржувачки и демократски кон секој субјект во училиштето (наставници,ученици,родители) овозможувајќи во секое време отворена соработка и брз проток на секоја новодобиена информација, заклучок од Советот на Родители, Одлуки од УО и се друго што е од интерес за нив.<br>Директорот има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своетоработење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на училиштето. Добро раководи и има определби кон покачување на стандардите и за професионално усовршување на наставниците и развој на учениците преку споделување на искуства, следење на обуки организирани од МОН, БРО и други акредитирани институции.<br>Директорот ги идентификува добрите и слабите страни во подрачјата на делување на училиштето и благовремено предлага акциски планови за подобрување во одредени подрачја или нивни сегменти.<br>Материјално-финансиското работење во училиштето е во согласност со законските норми. Раководниот кадар во текот на учебната година врши стекнување на дополнителни финансиски средства и го следи наменското трошење на истите, а со цел подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина. Училиштето навреме ги информира соодветните органи и тела за буџетот и неговото користење. |
| | Управување и раководење со ресурсите | Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојната програма на училиштето. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално/техничките потреби и средства на училиштето. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на квалитетот на наставата и реализирање на наставните програми.<br>Во 2025г. со доградбата на училишната зграда училишната библиотека доби нова просторија. Библиотеката располага со вкупен книжен фонд од 12928 книги од кои 8928 се книги во училишната библиотеката кои тековно се користат а останатите 4000 се складирани како стара литература која повеќе не се користи. Од вкупниот број на книги во библиотеката 1975 се лектири, 583 се стручна литература, 6315 се белетристика ( литература за деца, литература за возрасни, нови наслови на книги, литература на странски јазици) , има 50 енциклопедии, 5 монографии и списанија за деца („Наш Свет”, „Ѕуница” „Росица”, „Другарче”, „Развигор” и „Смешко”). Библиотеката располага со компјутер и пристап до интернет и при тоа се води електронска документација за книжниот фонд и за тековното работење на училишната библиотека. Библиотеката е отворена за користење од страна на учениците во текот на целиот училишен ден, а книжниот фонд скоро целосно ги задоволува потребите на учениците.<br>Во рамки на библиотеката постои постои редовно учество на ученици на натпревари во проектот „Млади библиотекари“.<br>Материјално - техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно - образовните цели и задачи.Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати. Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојниот план на училиштето. Учлниците за одд. настава се опремени со потребни наставни средства и помагала, а кабинетите за предметна настава имаат потреба од доопремување.Училиштето ќе продолжи со доопремување на и замена на нефункционалните со нови. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира иобезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Редовно се реализира молерисување на ходниците, училниците, училишната кујна, фискултурната сала. Континуирано се дополнува со реквизити наменети за осселенска и предметна настава. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Завршена е доградбата на училиштето со 6 училници, лифт, простории за стручната служба и библиотеката. Дефектологот располага со работна просторија каде ги реализира часовите со учениците со нетипичен развој по договорени термини два дена во седмицата. |
| | Раководење со кадарот | Директорот на училиштето заедно со стручните соработници постојано ја следат работата на наставниот кадар преку посета на часови и внесување на податоци во педагошкиот картон и професионалното досие на секој наставник поединечно. Стручниот соработник го поттикнува наставниот кадар за иновативен пристап во наставата. Тој во својата програма планира и спроведува разновидни активности поврзани со наставниот процес и е секогаш отворен за соработка.<br>Редовноста,квалификациите, работното искуство и стручноста на персоналот се во рамките на законските одредби. Училиштето континуирано обезбедува поддршка за подобрување на стручните способности преку посета на семинари одржани од страна на БРО.<br>Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот и ги идентификува потребите за истите, а по потреба дава финансиска подршка согласно идентификуваните потреби.<br>Училиштето ја почитува законската регулатива за наставниците приправници. Со одлука на Наставнички совет одредува ментор на наставникот приправник. На наставниците приправници им се назначува ментор кој им помага и ги насочува за што поуспешна, самостојна работа. Менторот ја следи работата на наставникот, му помага во припрема на Годишните и тематско-процесните планирања, го упатува во различни пристапи за одржување на часовите, врши постојани консултации со приправникот и дава мислење за неговата работа.<br>Работата на наставниците и стручните соработници се следи соодветно изготвените инструменти за вреднување на исполнувањето на работните должности на наставниците и стручните соработници во основното образование, во самото училиште преку стручната служба и директорот на училиштето, преку соодветните инспекциски служби во МОН и преку советниците од БРО.<br>Во училиштето се водат наставнички портфолија и професионални досиеја за директорот, сите наставници и стручните соработници.<br>За сите наставници од предметна и одделенска настава од страна на стручниот соработник се води педагошки картон во кој се внесуваат податоци од планирањето и реализацијата на наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | За работата на наставниците, мислење дава директорот, советникот или инспектор по извршените увиди од посети на часови, интерна самоевалуација и оцени по завршените интегрални увиди.<br>Во училиштето континуирано се обрнува внимание на професионалниот развој и стручното доусовршување на наставниците, се организираат и спроведуваат интерни дисеминации по завршени обуки посетени од одредени наставници, а организирани од МОН и БРО.<br><br>Од страна на директорот, стручните соработници и други наставници се врши посета на отворени и нагледни часови на другите наставници во рамките на стручните активи во училиштето.<br>Потребата од кариерен и професионален развој на стручниот кадар во училиштето е секогаш присутна. Таа се состои од учество на обуки, семинари и курсеви но и перманентно следење на современа стручна литература и усогласување во методолошкиот приод во реализирање на наставата.<br>Во последните две години наставниците посетија обуки надвор од училиштето и интерно организирани обуки. Посетени се следниве обуки и работилници, организирани и поддржани од страна на МОН, БРО, УСАИД, Центар за јавно здравје и др. институции и организации :<br><br>➢ ,,И на помагачите им треба помош” Црвен крст- Општина центар Одделенски и предметни наставници<br><br>➢ ,,Невидливи предизвици, видливи решенија, практична подршка за учениците содислексија”-Здружение за дислексија ,,Ајнштајн” Општина Центар-Одделенски наставници<br><br>➢ „Ментално здравје кај учениците“ Институт Европски соѕзвездија-Одделенски и предметнинаставници<br><br>➢ ,,Улога на жените во рано препознавање на криминалот и создавање на побезбедна заедница”-Мисијата на ОБСЕ и МВР Одделенски наставник<br><br>➢ Градење на капацитети на училиштата за програмата Еразмус Национална агенција за европски програми и мобилност-Одделенски наставници |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Завршна конференција од Еразмус програма, примена и креирање на видео содржини за наставни цели-Кинотека на Македонија во<br><br>➢ соработка со Еразмус плус програмата на Европска унија-Одделенски наставници<br><br>➢ Дизајнирање објективни тестови на знаења ,,Како да се направи објективен тест”-МОН/БРО Одделенски и предметни наставници<br><br>➢ Законски обврски, стратегии и примери на добри пракси за заштита и учество на учениците Смарт АП лабораторија за социјални иновации-Предметен наставник<br><br>➢ Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-Смарт АП лабораторија за социјални иновации-Предметен наставник<br><br>➢ Трансформирање на образованието со моќта на вештачката интелигенција Educational AI, EU, UAB Предметен наставник<br><br>➢ Професионална соработка на наставниците Клуб на наставници 2025 Одделенски наставник<br><br>➢ Користење на друштвени игри во наставата Клуб на наставници 2025 Одделенски наставник<br><br>➢ Вештачка Интелигенција Искуства и предизвици - една година подоцна - Игор Богданоски – професор по математика во ООУ „Блаже Конески“<br><br>➢ Прилеп и Microsoft Innovative Educator Expert - Предметен наставник<br><br>➢ Училишните библиотекари – поттикнувачи на интересот за библиотечна дејност кај децата и младите-Министерство за култура Библиотекар<br><br>➢ ,,Булинг” – врсничко насилство во основните училиште Европски соѕвездија –Скопје, Општина Центар Директор, одделенски и предметни наставници<br><br>➢ Управување со човечки ресурси Општина Центар Директор, секретар |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Стратегии за менаџмент во училница – принципи и примери за добра практика за создавање позитивна атмосфера во училница и во онлајн виртуелна училница ЦЕС Одделенски наставници<br>➢ ,,Не, на насилство” Фондација Никола Кљусев - Одделенски и предметни наставници и Стручни соработници<br>➢ Напреден менаџмент во спортот Македонски олимписки комитетНаставници по физичко и здравствено образование<br>➢ Eltoc chapter 7 block 1 Oxford university press Наставник по англиски јазик<br>➢ Новата концепција во VI одделение БРО/МОН Предметни наставници<br>➢ Обука за ревидирани рамки за оценување на квалитетот на училиштата (Самоевалуација и Развојно планирање) МОН Директор, стручна служба<br>➢ Инклузивно образование во пракса БРО/МОН Стручна служба<br>➢ Медиумска писменост БРО Одделенски наставници<br>➢ Противпожарен сојуз на град Скопје Противпожарен сојуз на град Скопје Наставник по физичко и здравствено образование<br>➢ Обуки за Новата концепција во VI и VII по предметите: англиски јазик, математика, природни науки, македонски јазик, германски јазик БРО<br>➢ Улога на наставниците и стручните соработници во пренесување на вредностите и моралните норми кај младите (директор, психолог, предметни и одд. наставници)<br>Наставниците имаат потреба од обуки за стручно усовршување кои се директно поврзани со самиот наставен предмет кој го предаваат, како и за обуки за работа со деца со посебни потреби како на пример деца со хиперактивиност, деца со пречки во развојот, деца со дислексија и др. |
| | Следење и унапредување на наставниот процес | **Следењето и унапредувањето се базира врз податоци до кои се доаѓа преку директно следење (увид) во наставната и воннаставната дејност:**<br>➢ Квалитет на годишните, тематските и дневните планирања кои ги изготвуваат наставниците; |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Успешност во остварување на наставните содржини по предмети;<br>➢ Дидактичко-методскиот квалитет на наставните часови;<br>➢ Висок степен на активното учење на часот;<br>➢ Квалитет во проверувањето и оценувањето на учениците;<br>➢ Квалитет на воннаставните активности;<br>➢ Резултати од контролни и писмени задачи;<br>➢ Резултати од литературно, музичко и ликовно изразување;<br>➢ Постигања на учениците на натпревари преку освоени дипломи, награди, признанија, пофалници;<br>➢ Следење на наставни часови;<br><br>Планирањето се базира на искуства стекнати низа години наназад во врска со оваа проблематика. Програмата се изготвува врз основа на анализите извршени на крајот на учебната година. Се согледуваат сите успеси и слабости во работата, а објективноста се поткрепува со записници од Советници, здравствени, образовни и трудови инспекции.<br>**Соработката со локалната средина** е од голема важност за воспитно-образовната дејност на училиштето која се манифестира преку разновидни културни и образовни активности преку чие остварување се задоволуваат потребите на училиштето и локалната средина.<br>Овој вид соработка опфаќа:<br><br>➢ Соработка со семејството, особено со родителите-старателите на учениците;<br>➢ Соработка со Секторот за образование;<br>➢ Соработка со воспитно-образовните установи, институции од областа на културата, претпријатија, и др.органи и организации заради збогатување на воспитно-образовната работа со учениците;<br>➢ Организирање разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалната средина;<br>➢ Соработка со родители од бизнис секторот;<br>➢ Информирање на пошироката јавност за постигнатите резултати;<br>➢ Вклучување на училиштата во други културни и образовни активности што се организираат во рамките на локалната средина;<br><br>**Училиштето посебен акцент става на зацврстување на соработката со** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **родителите-старателите на учениците преку:**<br><br>➢ Мотивирање на наставниот кадар и родителите за проширување на формите на соработка со училиштето;<br>➢ Подигнување на педагошкото ниво на родителите и нивната информираност;<br>➢ Организирање на стручни предавања, трибини за родителите, работилници;<br>➢ Вклучување на родителите во вон-наставни активности;<br>➢ Вклучување на родителите во рамки на проектот „Ран професионален развој на учениците“;<br>➢ Иницирање на заеднички акции од областа на јавната и културна дејност;<br>➢ Индивидуален методолошки пристап на наставниците кон секој ученик;<br>➢ Откривање на талентирани ученици и посебен пристап и поддршка за развој на истиот;<br>➢ Советодавни разговори со родители;<br><br>**Соработка со други воспитно-образовни установи, културни установи, претпријатија и тоа:**<br><br>➢ Општина Центар;<br>➢ Биро за развој на образованието;<br>➢ Министерство за образование;<br>➢ МНТ опера, балет, Филхармонија,Театар за деца и младинци;<br>➢ МТВ (емисии од образовен карактер) и др.ТВ куќи;<br>➢ Музеј на Град Скопје и Музеј на Македонија;<br>➢ ДКЦ Карпош;<br>➢ Просветно дело и др. Издавачки куќи;<br>➢ Работни организации, претпријатија и институции;<br>➢ Црвен крст на општината и градот, Здравствен дом, Здравствена заштита;<br>➢ Сеизмолошка станица, Железничка станица,Зоолошка градина, Аеродром;<br>➢ Туристички агенции;<br>➢ Библиотека Св.Кирил и Методиј и др. |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Други институции, претпријатија, знаменитости кои се во согласност со барањата на наставните содржини согласно НПП; |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| | Процедури за креирање на училишната политика | **Процедурата за креирање на училишната политика се базира врз:**<br>➢ Вклученост на сите наставници во креирањето на училишната политика;<br>➢ Отворена соработка на директорот со наставниот кадар и родителите;<br>➢ Почитување на законските прописи при планирањето на воспитно - образовниот процес;<br>➢ Идентификувани развојни цели во планот за развој на училиштето;<br>➢ Масовен интерес кај наставниот кадар за посета на обуки, семинари за професионале развој како и учество и реализација на проекти за модернизација и усовршување на воспитно – наставниот процес;<br>➢ Навремено изготвени  и доставени на Годишна програма и Извештаи за работата на училиштето до сите релевантни субјекти;<br>➢ Почитување на статутарните и деловничките обврски во работењето на  Училишниот одбор при донесување на одлуки;<br>➢ Изготвена Самоевалуација за периодот 2023 -25г.;<br>Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>По спроведените анкети и интервју со директорот, наставници, родители и ученици се констатира дека целите пред се, се јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание |

| | | |
|---|---|---|
| | | на работата на училиштето.<br>Училиштето се грижи за заштита на животната средина, нуди проекти за соработка, реализира еко -акции, соработува со учениците на ниво на едукација, но и делување на учениците во насока на зачувување на животната средина и сопственото здравје. Со цел еколошките теми да бидат поприсутни во наставата се преземаат мерки<br>предвидени со годишната програма за работа на училиштето, со дополнување на наставните планови на наставниците со еколошки содржини, акции за засадување на садници, еко патроли, поттикнување на учениците креативно да се изразуваат на тема екологија и негување на духот на учениците за здрава животна средина.<br>Примената на ИКТ во наставата се цени како позитивна и постои напредок во остварувањето на наставните цели предвидени во наставните програми и планови.<br>Училиштето има обезбедено редовен систем на контрола на дневните подготовки и одржување на часовите од аспект на користење на ИКТ интерактивна настава како обврска во основното образование.<br>Посебен акцент училиштето дава на часовите за грижа за менталното здравје на учениците преку интерактивни работилници.<br>Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење,што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Тоа значи учениците да се здобијат со потребни знаења,умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието односно да обезбеди основа за доживотно учење.<br>Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност да ги искажува своите воспитно -образовни потреби.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава.<br>За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја.<br>Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на |

| | | |
|---|---|---|
| | | интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците. Вонnаставните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето.<br>Во училиштето се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Ваквите евентуални појави се санкционираат со примена на одредбите од ЗОО, Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето како и според кодекси и правилници за однесување, превенција од насилство, злоупотреба... кои стојат на страните на МОН и WEB училиштето. Родителите се известени и за можноста са социјални услугиод различен вид и категории преку лиценцирани даватели на истите, а во организација на општина Центар. (Асоцијација Хера, Здружение ХОПС, Здружение „отворете ги прозорците“).<br><br>**Процедурата за креирање на училишната политика е насочена кон исполнување на јасно дефинирани цели:**<br>➢ Почитување на основните права и слободи на учениците за живеење во демократска заедница;<br>➢ Градење културни односи на соработка и толеранција меѓу учениците;<br>➢ Постоење изготвен Кодекс на однесување кој ги содржи правилата на училишниот живот;<br>➢ Постоење на педагошки мерки (предвидени со ЗОО ) чија цел е кај ученикот да се воспостави чувство на одговорност, правилен однос кон учењето и поведението и спречување на девијантно однесување;<br>➢ Донесен е интерен акт за пријавување и заштита на ученик жртва на било која форма на насилство, злоупотреба и занемарување според новиот правилник од МОН;<br>➢ Донесен е Кодекс за однесување на учениците за време на екскурзии, излети, воннаставни училишни активности според новиот правилник на МОН;<br>➢ Континуирано се поттикнува интелектуалниот развој и истражувачкиот дух кај учениците; |

| | | |
|---|---|---|
| | | ➢ Развивање на еколошката свест кај учениците;<br>➢ Грижа за здравјето и безбедноста на учениците ( редовни систематски прегледи, вакцинации, стоматолошки прегледи...);<br>➢ Подигање на информираноста кај учениците во врска болестите на зависности и други актуелни вирусни заболувања и превенција од нив;<br>➢ Афирмирање на трудот на учениците во потесната и пошироката околина;<br>➢ Градење политика на **ОТВОРЕНО УЧИЛИШТЕ** за соработка со субјекти во Локалната средина кои се заинтересирани за активностите на учениците и резултатите постигнати во наставни и воннаставни дејности;<br>➢ Редовно одржување на Родителски средби со цел запознавање на родителите со училишните обврски и барања;<br>➢ Грижа за професионална ориентација на учениците;<br>➢ Остварување советодавна работа меѓу наставниците и Педагогот во домен на оценувањето;<br>➢ Јавност и објективност во оценувањето на учениците;<br>➢ Јавно соопштување на постигнатите резултати и доделување награди и признанија;<br>➢ Организирање натпревари од различен вид;<br>➢ Учествување на манифестации и хепенинзи:Маскембал, Ден на екологијата, хуманитарни и собирни акции во соработка со Црвен крст „Твојата стара облека може да биде нечија радост“ и „Собирна акција на прехрамбени производи“- донирана на деца од социјално загрозени семејства и др.<br>➢ Остварување советодавна работа со родители на деца со потешкотии во развојот и деца кои брзо напредуваат во совладувањето на наставата;<br>➢ Организирање дополнителна настава за ученици со потешкотии во учењето и додатна настава за надарени ученици;<br>➢ Водење политика на опфат на деца со нетипичен развој;<br>➢ Остварување редовен увид од Директорот и Педагогот во реализацијата на наставниот час, применетите методи на настава, квалитетот и обемот на наставната содржина и нивната усогласеност со објективните можности и способности на учениците;<br>➢ Владеење на демократичност и соработливост во паралелката за време на часот; |

| | | |
|---|---|---|
| | | Училишната политика се креира преку заедничка соработка, разговори, состаноци, консултации, предлози, сугестии, одлуки и реализации..., а кои се спроведуваат меѓу сите нејзини учесници...<br>Учесници во креирање на училишната политика: Директорот , Педагогот, Психологот, Наставничкиот Совет, членови на Советот на родители и Училишниот одбор, учениците, родителите на учениците, членови од Локалната средина, МОН, Бирото за развој на образованието... |
| | Резултати од развојно планирање | **Училиштето ги оствари приоритетите од развојното планирање за периодот 2023/2025 год. и тоа:**<br>➢ Реализирана доградба на училиштето;<br>➢ Опременост на новите училници со потребен инвентар и обнова на дотраени средства;<br>➢ Реализирана изградба на паркинг простор;<br>➢ Новоизградена просторија за училишната библиотека;<br>➢ Новоизградена просторија за стручната служба;<br>➢ Лифт и посебнен тоалет за потребите на ученици со нетипичен развој;<br>➢ Поставени Смарт табли во одд. настава и неколку од кабинетите по предметна настава;<br>➢ Поставени се климатизери во доградбата, кабинети од предметна настава и дел од одд.настава;<br>➢ Унапредена воспитно-образовната работа;<br>➢ Примена на Еко-стандардите во воспитно-образовниот процес;<br>➢ Континуирано реализирани обуки за професионален развој на наставниците;<br>➢ Планирање на оценувањето и примена на стандардите за оценување;<br>➢ Модернизирани и подобрени условите за работа;<br>➢ Унапредена тимска работа, помош и соработка меѓу наставниците;<br>➢ Унапредена воспитната функција на Училиштето;<br>➢ Реализирани работилници за ран професионален развој на учениците;<br>➢ Унапредена примената на Информациско – комуникациска технологија;<br>➢ Формиран Училишен спортски клуб;<br>➢ Соработка со МОН , со Локалната самоуправа, со родителите, со |

| | | |
|---|---|---|
| | | бизнис секторот во заедницата и пошироко;<br>➢ Учество во проекти и добиени награди во парични средства употребени за подобрување на квалитетот на работата во училиштето; |
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Училиштето во текот на годината изготвува финансиски план за своите сметки според кој однапред се планираат средствата за потребите на училиштето. Училиштето навремено ги планира и обезбедува материјално-финансиските средства преку буџетска сметка 903, сопствената сметка 787 и општинска сметка 603. Тука се и постоечките капитални средства, опрема, други материјални средства, компјутерска опрема и ситен инвентар.<br>Преку донации се обезбедуваат средства за обновување на материјално-технички средства, училишен инвентар и друго.<br>Училиштето има воспоставено соработка со Локалната самоуправа и заедница во однос на подобрување на инфраструктурата. Во изминатиот период во училиштето е направена значителна промена како во училишната зграда така и во доуредување и оплеменување на училишниот двор. Континуирано се следи состојбата на објектот и се обезбедуваат средства за негово одржување. Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, но континуирано се работи на обезбедување на средства за одржување.<br>Планот за јавни набавки се остварува доколку има потреба преку постапки утврдени со Законот за јавни набавки. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Материјално-финансиското работење во училиштето е во согласност со законските норми.Раководниот кадар во текот на учебната година врши стекнување на дополнителни финансиски средства и го следи наменското трошење на истите, а со цел подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина. Училиштето навреме ги информира соодветните органи и тела за буџетот и неговото користење. |

**Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации**

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели<br>Од вкупниот број анкетирани родители 24% целосно се согласуваат и 58% се согласуваат дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности во училиштето;<br>Од вкупниот број анкетирани родители 49% целосно се согласуваат и 51% се согласуваат дека постои добар проток на информации од претставникот на Совет на родители за приоритетни цели;<br>Од вкупниот број анкетирани родители 32% целосно се согласуваат и 48% се согласуваат дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки;<br>Од вкупниот број анкетирани родители 53% целосно се согласуваат и 29% се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици;<br>Од вкупниот број анкетирани родители 37% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен;<br>Од вкупниот број анкетирани родители 8% целосно се согласуваат и 40% се согласуваат дека се запознаени како се троши буџетот на училиштето и 30% не покажуваат интерес за следење на трошењето на буџетот на училиштето;(во прилог следи анализата на анкетата) |
| Анкета за наставници<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 41% се целолсно согласни дека се информирани и 44% се согласуваат дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 41% се целолсно согласни и 48% се согласни дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 26% се цололосно согласни и 26% се согласни дека училиштето овозможува учество во обезбедување на потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и вонннаставните активности;<br>Училиштето овозможува учество во интерни и екстерни обуки согласно со потребите на наставниците;<br>Директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 58% се целолсно согласни и 35% се согласни дека за следените наставни часови наставниците добиваат конструктивна повратна информација;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 33% се целосно согласни и 48% се согласни дека во училиштето наставниците се поттикнати стручно да се усовршуваат;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 19% се целлсно согласни и 59% се согласни дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците; |

| |
|---|
| Од вкупниот број испитан наставен кадар, 19% се целосно согласни и 48% се согласни дека наставниците се запознаени како се троши буџетот на училиштето;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 19% се целосно согласни и 48% се согласни дека наставниците се запознаени како се троши буџетот на училиштето;<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 26% се целосно согласни и 59% се согласни дека училиштето има потреба од проширување на тимот на стручни соработници (социјален работник итн.);<br>Од вкупниот број испитан наставен кадар, 37% се целолсно согласни и 48% се согласни дека директорот соодветно го менаџира техничкиот персонал;(во прилог следи анализата на анкетата) |
| Анкета за ученици<br>Од вкупниот број анкетирани ученици 26% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека редовно се информирани за активности што ги планира училиштето за следниот период;<br>Од вкупниот број анкетирани ученици 47% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека можат да земат/позајмат книга/лектира од училишната библиотека во секое време;<br>Од вкупниот број анкетирани ученици 42% целосно се согласуваат и 37% се согласуваат дека училиштето обезбедува навремена замена при отсуство на наставник;<br>Од вкупниот број анкетирани ученици 47% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека навремено и прецизно се запознаени со сите потребни информации (преку вибер групи, ФБ и веб страна на училиштето);(во прилог следи анализата на анкетата) |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба<br><br>Директорот Александар Христовски стапи на должност на 19.08.2024г. Благовремено се запозна со работата и функционирањето на училиштето, постојните ресурси, наставниот кадар, климата во училиштето... Професионално и посветено ја извршува својата работа и одржува добри односи на соработка со учениците, родителите и вработените и институциите од ЛЗаедница и пошироко. Соработува со сите чинители на воспитно образовниот процес, МОН, БРО, Сектор за образование. Постојано е во тек со новините во ЗОО и доследно ги почитува. Директорот е објективен во однос на квалитетот на вработените, нивната успешност и придонес во работата на училиштето. Иницира обуки кои се во интерес за унапредување на работата на наставниците и учествува во истите. Учењето и постигањата на учениците се приоритет на директорот при спроведување на активности во училиштето. Постојано се интересира за потребите од наставни средства и помагала. Училиштето води политика за подршка на ученици со различни способности и предиспозиции. Раководењето на директорот создава услови за пријатна и креативна атмосфера во колективот, има особини да мотивира, јавно пофалува, поттикнува и гради доверба и има јасна визија за просперитет и развој на училиштето. Одговорен за изготвување на годишната програма за работа на училиштето е директорот, а во истата земаат учество стручните соработници, одговорните наставници на стручните активи, училишните организации и др. Посебен акцент става на планирањето на активностите од компонентите на новите проекти и изготвување на акциони планови за истите. Изработен е развоен план кој во најголем дел е реализиран . Се изработуваат долгорочни и годишни планови и програми за потребните инфраструктурни зафати во училиштето, како и програми за соработка со локалната средина како и комуникација со институциите во Локалната самоуправа со други образовни институции, граѓански здруженија, бизнис сектор и др.<br>Директорот е редовно присутен на состаноците на Н.С, Совет на родители, Стручни активи остварувајќи позитивна клма за |

соработка и решавање на тековни ситуации. Два пати во полугодиете директорот и стручната служба реализираат посета на часови, а потоа следат и конструктивни разговори во однос на реализираниот час на наставникот. Иницира разни манифестации, во и вонучилишни, води грижа за уредување на внатрешниот и надворешниот училишниот простор.
Целокупното финансиско работење на училиштето е во согласност со законските норми. Со финансиското работење Директорот и Училишниот одбор изготвуваат план за рационално користење на расположливите финансиски средства. Во контекст на овој план е и пла нот за јавни набавки. Дел од тие средства се наменети за тековни потреби а тоа се: набавка на потрошен материјал, обнова на уништен инвентар, средства и прибор за хигиена....Задачата на директорот е постојано да го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие увид во финансиското работење на училиштата. Во текот на годината директорот исто така редовно подготвува статистички годишен и тримесечен извештај за завршната сметка на сите приходи и расходи. Освен за најнеопходните тековни потреби на училиштето дел од средствата на училишниот буџет се користат и за дополнителни цели кои го подобруваат квалитетот на воспитно-образовниот процес. Училиштето располага со буџетска сметка, сопствена сметка, донации, средства од општината.
Наставниот кадар е во согласност со законските нормативи. Училиштето наоѓа соодветна замена во случај на отсуство на некој наставник или се менува распоредот за пополнување на празните часови и тоа во предметна настава. Во одделенска настава, наставниците редоследно се менуваат при кратко отсуство на наставник и замената на наставникот се врши од страна на стручната служба во училиштето. Редовноста на вработените ја следи директорот.
Стручната служба ќе ја реализира својата воспитно-образовна работа преку следните подрачја:
Планирање, програмирање и организирање на воспитно образовната работа
Следење на воспитно образовната работа
Изготвување на стручни материјали
Советодавна консултативна работа
Стручно усовршување на воспитно образовниот кадар
Водење на педагошка евиденција и документација

Стручната служба им дава стручна поддршка на наставниците кои работат со ученици со посебни потреби и потешкотии во учењето, преку насоки за користење на специфични методи и техники во реализирање и планирање на наставата, следење и оценување на учениците, изработка на ИОП и др. Сето тоа се реализира преку индивидуални разговори, практични примери, работилници, обуки, итн.

Резиме (главни наоди) од фокус групи
Наставници:
Постои отворена соработка со директорот, педагогот, психологот во училиштето и брз проток на информации. Наставниците ги прифаќаат новините во образовниот систем и ги применуваат (е-дневник, примена на ИКТ во наставата, изработка на проектни задачи, отворени часови, изработуваат (прилагодуваат) наставна програма за деца со посебни потреби и користат посебен индивидуален методолошки пристап со цел да ги вклучат овие ученици во редовната настава...). Да се продолжи отворената соработка со родителите (работилници, базари,приредби, советодавни разговори... ). Наставниците се отворени за прием на идеи од страна на родителите во врска со продлабочување на квалитетот на училишната клима.
Ученици:

| |
|---|
| Учениците можат да се обратат за совет и помош до Директорот и стручната служба во секое време;Интернетот во училиштето им е достапен на учениците за потребите во наставата и проектните задачи. Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето. Учениците се изјаснуваат дека солиден е оној наставник кој е: духовит,позитивен, интересен во предавањето, толерантен, одговара на поставени прашања, правичен е, реален во оценувањето, ја почитува личноста на секој ученик. Во случај на отсутен наставник се обезбедува замена. Библиотеката им е достапна на учениците. Учениците се запознаени со потребните информации преку вибер групи, ФБ и веб страна на училиштето.<br>Родители:<br>Родителите одговорија дека постои добар проток на информации за сите активности во Училиштето кои потекнуваат од Директорот на училиштето до Училишниот одбор и Советот на родители и обратно преку членовите и претставниците во УО и СР. Задоволни се од начинот на организирање на работата во училиштето. Училиштето поддржува и помага ученици со различни способности и преддиспозиции. Постои отворен ден во месецот за средба и соработка со наставниците. Родителите се запознаени со активностите на учениците во и вон училиштето. Родителите се запознаени со видот на инфраструктурните зафати во училиштето. Задоволни се од учеството на педагогот и психологот во училиштето. Родителите забележуваат преобемност во наставните содржини и стилот на кои се напишани некои учебници не одговара на возраста на ученикот во некои предмети по одделенија. Родителите предложуваат да постои поголема палета на изборни предмети во предметна настава и поголем број часови со практична настава. Наведени ставови од испитаниците: се бара поголема строгост во однос на изрекување дисциплински постапки, да не се дозволува притисоци од родители врз спроведување на дисциплински и други мерки донесени во училиштето, редовно и навремено обезбедување асистенти за инклузивни ученици од страна на општината, родителите да делуваат непристрасно и објективно во однос на успехот и поведението на своето дете,наставниците да делуваат стимулативно на учениците преку практични активности од наученото. Не секој од родителите ги следи WEB и FB страните на училиштето.<br>Членови на УО и Совет на Родители:<br>Членовите во УО и СР се апознаени се со работата на раководниот тим, задачите и одговорностите. Редовни се на состаноците на СР односно УО и се прифаќаат нивните предлози и сугестии. Одлуките донесени на Училишен одбор и заклучоците од Совет на родители се транспарентни. Запознаени се дека училиштето води политика за подршка на ученици со различни способности и предиспозиции. Поддржуваат доследна примена на педагошко-дисциплински мерки. Педагошко - психолошката служба редовно реализира советодавни разговори со ученици и родители. Редовно се реализираат и работилници од аспект на менталното здравје на учениците. Сметаат дека училиштето треба да води политика за наградување на особено креативни и ангажирани наставници. |
| Наоди од набљудување часови<br>Во стручнаата служба, стои доказен материјал- извештаи од спроведени набљудувања на наставни часови и други видови набљудувања. |

## Обработени резултати од анкетите со сите чинители

<u>Според одговорите на родителите добиени се следните информации:</u>

- Од вкупниот број анкетирани родители 24% целосно се согласуваат и 58% се согласуваат дека училиштето ги поттикнува активно да се вклучат во различните активности во училиштето;

2. Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето.




- Од вкупниот број анкетирани родители 49% целосно се согласуваат и 51% се согласуваат дека постои добар проток на информации од претставникот на Совет на родители за приоритетни цели;

3. Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за приоритетите кои треба да се постигнат во следниот период.




- Од вкупниот број анкетирани родители 32% целосно се согласуваат и 48% се согласуваат дека училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки;

4. Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.




- Од вкупниот број анкетирани родители 53% целосно се согласуваат и 29% се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици;

5. Училишната библиотека е достапна за сите ученици.




- Од вкупниот број анкетирани родители 37% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен;

6. Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.




- Од вкупниот број анкетирани родители 8% целосно се согласуваат и 40% се согласуваат дека се запознаени како се троши буџетот на училиштето и 30% не покажуваат интерес за следење на трошењето на буџетот на училиштето.;

7. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето




<u>Според одговорите на наставниот кадар добиени се следните информации:</u>

- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 41% се целолсно согласни дека се информирани и 44% се согласуваат дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање;




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 41% се целолсно согласни и 48% се согласни дека во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки;




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 26% се целолсно согласни и 26% се согласни дека училиштето овозможува учество го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности;




- Училиштето овозможува учество во интерни и екстерни обуки согласно со потребите на наставниците;




- Директорот и стручните соработници следат најмалку два наставни часови во текот на едно полугодие;



- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 58% се целолсно согласни и 35% се согласни дека за  следените наставни часови наставниците добиваат конструктивна повратна информација;

6. За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација.




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 33% се целолсно согласни и 48% се согласни дека во училиштето наставниците се поттикнати стручно да се усовршуваат;

7. Во училиштето ме поттикнуваат стручно да се усовршувам.




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 19% се целолсно согласни и 59% се согласни дека училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците;




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 19% се целолсно согласни и 48% се согласни дека наставниците се запознаени како се троши буџетот на училиштето;




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 26% се целолсно согласни и 59% се согласни дека училиштето има потреба од проширување на тимот на стручни соработници ( социјален работник итн.);

10. Училиштето има потреба од проширување на тимот на стручни соработници (психолог, социјален работник ит н.)




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 30% се целолсно согласни и 41% се согласни дека директорот подеднакво ги распределува обврските и задачите на сите наставници;

11. Директорот подеднакво ги распределува обврските и задачите на сите наставници.




- Од вкупниот број испитан наставен кадар, 37% се целолсно согласни и 48% се согласни дека директорот соодветно го менаџира техничкиот персонал;




<u>Според одговорите на учениците добиени се следните информации:</u>

- Од вкупниот број анкетирани ученици 26% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека редовно се информирани за активности што ги планира училиштето за следниот период;




- Од вкупниот број анкетирани ученици 47% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека можат да земат/позајмат книга/лектира од училишната библиотека во секое време;

3. Можам да земам книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време




- Од вкупниот број анкетирани ученици 42% целосно се согласуваат и 37% се согласуваат дека училиштето обезбедува навремена замена при отсуство на наставник;

4. Училиштето ми обезбедува навремена замена при отсуство на наставник




- Од вкупниот број анкетирани ученици 47% целосно се согласуваат и 53% се согласуваат дека навремено и прецизно се запознаени со сите потребни информации (преку вибер групи, ФБ и веб страна на училиштето);

5. Навремено и прецизно сум запознаен/а со сите потребни информации (преку вибер групи, ФБ и веб страна на училиштето).




## Подрачје 4: Управување и раководење

### Опис/резиме

Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Визијата на директорот е современо, иновативно, отворено училиште свртено кон промени кои придонесуваат за создавање на поквалитетен наставен процес во чиј центар е ученикот со развиена свест и надминати предрасуди. Училиште по мерка на детето, место каде со задоволство соработуваат учениците, наставниците и родителите, место каде се одвива креативна настава, здрава училишна клима со ученици подготвени за доживотно учење.

Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на квалитетот на воспитнообразовната работа на училиштето. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.

Во Училишниот Одбор правично се застапени членовите од двата пола, а исто така и општествените структури за кои училиштето обезбедува услуги. Сите надлежности и задачи во врска со раководењето јасно се дефинирани и се во согласност со законските прописи. Постои соработка меѓу раководниот тим која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето, онлајн, ВЕБ сраната, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. За редовноста и присуството на состаноците се грижи претседателот на Училишниот Одбор и директорот на училиштето. Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на три стручни активи: Стручен актив на одделенска настава, Стручен актив на природно-математичка група предмети и Стручен актив на општествено-јазична група предмети. Придонес во раководењето имаат и Советот на родители , Ученичкиот парламент, Наставнички совет, Родителски средби. Од сите овие структури произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето.

Во училиштето постои интерен документ за правата и одговорностите на учениците и Правилник за изрекување педагошки мерки кој доследно се почитува.

Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и вonнаставни активности кои се дел од годишната програма на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичката заедница на училиштето.

Во нашето училиште години station наназад се води политика на опфат на ученици кои потешко ја совладуваат наставната програма т.е ученици во инклузија. За 10 ученици се вклучени асистенти од кои 6 образовни и 4 лични. Според изготвен ИОП работат 5 ученици.

Цел ни е да го реализираме принципот *да се прифатат разликите*. Бидејќи немаме етнички разлики, ниту пак некакви согледувања за разлики по полова припадност, се трудиме да работиме на разликите кај учениците по нивните способности, предиспозиции и афинитети.

За оние ученици кои потешко учат се организира дополнителна настава . Оние ученици кои се особено надарени имаат можност да се развиваат преку додатна настава.

Како училиште се стремиме секогаш успешно да го поттикнеме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, ја развиваме одговорноста и потребата од постојано надоградување. Нашето училиште секогаш го подржува професионалниот развој на наставниците при што ја зголемува ефективноста на воспитно-образовниот процес.

Секогаш се стремиме на учениците да им овозможиме квалитетни и трајни знаење кои ќе допринесат за нивниот личен развој во понатамошното образование.

Ја негуваме и поттикнуваме заедничката соработка меѓу учениците, родителите и наставниците со која се допринесува за развивање на меѓусебна доверба и почит. За сите одлуки кои се носат за воспитно-образовниот процес на учениците секогаш навремено се информираат и родителите преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставниците, преку Стручната служба на училиштето, web страната на училиштето и facebook страната на училиштето.

Нашето училиште е вклучено во голем број на проекти при што несебична поддршка добива од родителите, учениците, наставниците и општината, а придобивките се со цел за подобрување односно воведување на новитети во воспитно-образовниот процес.

Наставниците редовно се информирани за претстојни обуки на различни теми и пројавуваат голем интерес за присуство на истите.

ООУ „Коле Неделковски" Скопје од учебната 2013/14 година е вклучен во проектот МИО кој е во организација на МОН и Македонскиот Центар за Граѓанско образование и активностите ги реализираше со партнер училиште во Општина Чаир. На 28.11.2024 год. училиштето склучи меморандум за соработка со ООУ,,Перпарими" Крушопек Сарај со која ќе реализира проектни ативности на учениците од двете училишта. Нашето училиште заедно со партнер училиштето во овој проект аплицираа на конкурс за изработка на проект во МОН и за истиот за да се реализира ни беа одобрени финансиски средства.

Наставници:

Постои отворена соработка со директорот, педагогот, психологот во училиштето и брз проток на информации. Наставниците ги прифаќаат новините во образовниот систем и ги применуваат (е-дневник, примена на ИКТ во наставата, изработка на проектни задачи, отворени часови, изработуваат (прилагодуваат) наставна програма за деца со посебни потреби и користат посебен индивидуален методолошки пристап со цел да ги вклучат овие ученици во редовната настава...). Да се продолжи отворената соработка со родителите (работилници, базари,приредби, советодавни разговори... ). Наставниците се отворени за прием на идеи од страна на родителите во врска со продлабочување на квалитетот на училишната клима.

Ученици:

Учениците можат да се обратат за совет и помош до Директорот и стручната служба во секое време. Интернетот во училиштето им е достапен на учениците за потребите во наставата и проектните задачи. Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето. Учениците се изјаснуваат дека солиден е оној наставник кој е: духовит,позитивен, интересен во предавањето, толерантен, одговара на поставени прашања, правичен е, реален во оценувањето, ја почитува личноста на секој ученик. Во случај на отсутен наставник се обезбедува замена. Библиотеката им е достапна на учениците. Учениците се запознаени со потребните информации преку вибер групи, ФБ и веб страна на училиштето.

Родители:

Родителите одговорија дека постои добар проток на информации за сите активности во Училиштето кои потекнуваат од Директорот на училиштето до Училишниот одбор и Советот на родители и обратно преку членовите и претставниците во УО и СР. Задоволни се од начинот на организирање на работата во училиштето. Училиштето поддржува и помага ученици со различни способности и преддиспозиции. Постои отворен ден во месецот за средба и соработка со наставниците. Родителите се запознаени со активностите на учениците во и вон училиштето. Родителите се запознаени со видот на инфраструктурните зафати во училиштето. Задоволни се од учеството на педагогот и психологот во училиштето. Родителите забележуваат преобемност во наставните содржини и стилот на кои се напишани некои учебници не одговара на возраста на ученикот во некои предмети по одделенија. Родителите предложуваат да постои поголема палета на изборни предмети во предметна настава и поголем број часови со практична настава. Наведени ставови од испитаниците: се бара поголема строгост во однос на изрекување дисциплински постапки, да не се дозволува притисоци од родители врз спроведување на дисциплински и други мерки донесени во училиштето, редовно и навремено обезбедување асистенти за инклузивни ученици од страна на општината, родителите да делуваат непристрасно и објективно во однос на успехот и поведението на своето дете,наставниците да делуваат стимулативно на учениците преку практични активности од наученото. Не секој од родителите ги следи WEB и FB страните на училиштето.

Членови на УО и Совет на Родители:

Членовите во УО и СР се апознаени се со работата на раководниот тим, задачите и одговорностите. Редовни се на состаноците на СР односно УО и се прифаќаат нивните предлози и сугестии. Одлуките донесени на Училишен одбор и заклучоците од Совет на родители се транспарентни. Запознаени се дека училиштето води политика за подршка на ученици со различни способности и предиспозиции. Поддржуваат доследна примена на педагошко-дисциплински мерки. Педагошко - психолошката служба редовно реализира советодавни разговори со ученици и родители. Редовно се реализираат и работилници од аспект на менталното здравје на учениците. Сметаат дека училиштето треба да води политика за наградување на особено креативни и ангажирани наставници.

**Силни страни**

- Демократски и поддржувачки однос на Директорот со наставниот персонал и добар проток на информации од и до Училишниот одбор, Советот на родители;
- Постојано високо ниво на средниот успех кај учениците од 4 до 9 одд.(2022/2023 – 4,92), (2023/24 - 4,95), ( 2024/25 – 4,94);
- Високи постигања на учениците во наставата и воннаставните активности, учество на натпревари и остварени голем број награди и пофалници, прогласени талентирани ученици и ученици на генерација;
- Спроведени редовни советувања на родители со училишниот педагог поради неоправдани отсуства и намален успех и дисциплина;
- Организирани работилници, презентации од стручната служба;

- Функционалност и работа  на Училишен спортски клуб;
- Реализирана доградба на училиштето со 4 + 2 училници, лифт и тоалет за деца во инклузија;
- Новоизградени простории за библиотека и стручна служба;
- Опремени се 6 доградени училници со современ потребен инвентар;
- Поставени Смарт табли во одд. настава и неколку од кабинетите по предметна настава;
- Поставени се климатизери во доградбата, кабинети од предметна настава и дел од одд.настава;
- Изграден е паркинг простор со рампа во училиштето;
- Успешно е спроведена Еко акција во училиштето по иницијатива на општина Центар и Советот на родители 15.02.2025г.;
- Вклученост во проекти и обуки за иновации и унапредување на наставата:Проект за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), Континуирано усовршување на наставата по физичко образование, Проект за професионален развој на учениците, Проект „Стандарди за оценување“, Проект „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Проект „ Со читање до лидерство“, Проект- „Едукација за значењето на енергијата и начинот за производство и употреба преку теорија и пракса“, Проект-  „Училишта на 21 век“, Проект – „Учење преку правење – Да, ти можеш“, Проект – „Млади истражувачи“, Проект – „Селфи процес“;Проект „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди Инклудиран”, Проект „Исправи се“, „Театарот, уметност на емоции“, „Интернетот не е само игра - кликај безбедно“ и др.
- Редовна примена на ИКТ во наставата;
- Примена на Еко-стандардите во воспитно-образовниот процес;
- Редовно информирање на учениците за организација на одредени активности преку книга на соопштенија, вибер група;
- Постоење Правилник за награди и пофалби и педагошки мерки за ученици;
- Постоење Правилник за вреднување на наставници;
- Вклученост на наставници, родители, ученици, претставници на Локалната средина, МОН во креирање на училишната политика;
- Почитување на правата на децата;
- Примерно поведение на учениците;
- Негување на мултикултурализмот;
- Севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;
- Тимска вклученост на сите наставници и стручни соработници во изготвувањето на самоевалуацијата;
- Учество на училиштето во  манифестации организирани на општинско, градско и републичко ниво;
- Учество во манифестации од хуманитарен карактер (помош во пари, храна и облека на социјално загрозени семејства на наши ученици);
- Реализирани приоритети и цели согласно Акциониот и Развојниот план на училиштето;
- План за заштита и спасување;
- Изготвен Протокол за заштита од насилство, злоупотреба и спречување дискриминација;
- Реализирани се активности (посети од нставници од странски училиштата: Лариса - Грција, Леон - Шпанија и Базилика - Италија во периодот март-април 2025г. во рамките на проектот Еразмус+. Цел на посетите е размена на добри практики, стекнување нови искуства во методите и организацијат на наставата, проток на нови идеи, зајакнување на компетенциите  и инспирација за понатамошен развој и зајакнување на европската димензија на нашето училиште.

- Изготвена Самоевалуација за периодот 2023-2025г.

При изготвување на Планот за развој и Годишната програма за работа на училиштето се земаат во предвид материјално техничките, финансиските и човечките ресурси со кои располага училиштето, како и добиените резултати од спроведенета самоевалуација на училиштето.

**Слаби страни**

- Дел од училишната зграда не е термо изолирана. Со поставување на термоизолациона сада би се заштедило во потрошувачката на топлинска енергија;
- Постои потреба од вработување на Специјален едукатор и рехабилитатор со редовен работен однос сфао полно работно време во училиштето;
- Недоволен број на технички кадар – хигиеничари имајќи ја предвид и доградбата на училиштето што довее до отежнато одржување на хигиената во училишните простории и училишниот двор;
- Постои недостиг од простор за часовите по Физичко образование (во фискултурната сала настава одржуваат по 2 паралелки) и има недостиг од просторија за чување на спорски реквизити, како и потреба од покомфорни соблекувални. Воедно неопходно е комплетно реновирање и опремување на спортската сала;
- Постои потреба од вклучување на училиштето во проектни активности преку програмата Еразмус + и други (државни и меѓународни организации). Училиштето веќе е времежено во Еразмус + и Е-твининг проекти. Во овој момент се вклучува како партнер, но од оваа година и аплицира со сопствени проекти.
- Постои потреба од редовно хортикултурно уредување на дворот, поставување на вештачка трева на одредени места и мали клупи за ученици, како и одржување и доопремување на спорските терени;
- Потреба од санација и реновирање на училници, кабинети и училишни простории;
- Ограничен број на клима уреди;
- Ограничен број на смат табли или проектори;
- Недостаток на доволно компјутери/таблети за ученици и наставен кадар (дел од наставници не се опремени со индивидуален лаптоп);
- Недоволна примена на дигитални алатки во наставата;
- Ограничени простории за настава по изборни предмети и креативни активности;

- Недостаток од сензорна и сензитивна соба во училиштето;
- Ограничен буџет за развојни проекти;
- Недостаток на средства за обновување на наставни помагала - развојот на новите наставни планови и програми наметнува потреба од набавка на модерни наставни средства и помагала;

**Приоритети**

- Да се интензивираат стратегиите за мотивирање и потикнување на локалната бизнис заедница и родителите во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето;
- Да продолжи политиката на училиштето за соработка со сите здравствени организации и институции во Локалната средина и организирање на дебати и предавања од здравствен, воспитен и општествено хуманитарен карактер како и активности за професионален развој на учениците и наставниците;
- Да се постави термоизолациона фасада на дел од училишната зграда;
- Да се вработи специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) со полно работно време за нашето училиште;
- Да се обезбеди оптимален број хигиеничари со цел почиста, поздрава училишна средина за учениците и вработените;
- Да се продолжи со реализација на обуки и десеминација на  стекнатите знаења и вештини врз наставници и учениците според потребите;
- Да се поднесат апликации за државни и меѓународни проекти (Еразмус+...) за реконструкција на училиштето и подобрување на материјално-техничките услови во училиштето со цел подобрување на воспитно-образовниот процес;
- Да се продолжи со хортикултурно уредување и одржување на училишниот двор;
- Да се доопремат сите кабинети со Смарт табли и лаптопи;
- Да се климатизираат сите училници;
- Да се продлабочат и поттикнат активностите за талентирани ученици;

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ Коле Неделковски период 2023-2025 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр.103/19 година) Општинското основно училиште Коле Неделковски изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 - 2025 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 2.05.2025 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

Билјана Јованова – педагог
Викторија Илиеска – предметен наставник
Маргарита Николовска Бошковска – одделенски наставник
Светлана Димитриевска – претставник од Совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023-2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Ф. Стојковиќ – координатор<br>В.Јаноска – член<br>А.Кочева - член<br>Д. Трпеска - член<br>М.Кузмановска - член<br>Ж.Георгиевска- член<br>Б.Стојановска – член<br>А. Тепеѓозова<br>Ј. Тричковска – член<br>Н. Крстева – член<br>И. Димова – член<br>В. Георгиевски – член<br>Х. Ивановска – член |
| 2. Постигања на учениците | Р. И.Стојановска- координатор<br>Л.Стојановска – член<br>Т.Лазаровска – член<br>Е.Виткова Ивановска – член<br>Ј. Чичкариќ – член<br>М. Витковска – член<br>К. Павловска – член<br>Т. Бојаровска – член<br>А. Атанасовска – член<br>А. Б. Анчевска – член<br>В. Стојановска – член<br>В. Пановска– член<br>О. Гиговски – член |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | В. Зорчец– координатор<br>С. Алексова – член<br>Б. Ристевски – член<br>Б. Димова – член<br>М. Николов – член<br>В. Мојсова – член<br>Д. Апостолска – член<br>К. Петковска – член |

| | |
|---|---|
| | В. Илиевска – член<br>А. Чупеска – член<br>С. Петрова – член<br>В. Блажевска – член<br>С. Блажевска – член<br>А. Тодоровска – член |
| 4. Управување и раководење | Р.Нушкова – координатор<br>С.Гочевска – член<br>Б.Јованова – член<br>М.Т.Блажевска – член<br>А. Христовски – член<br>П. Стојановски – член<br>В. Крстева – член<br>А. Ристовска – член<br>Х. Ристовска – член<br>Маргарита Н.Бошковска – член<br>Љ. Андреева – член<br>З. Стефановска – член |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на______ година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>1.1 Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба, директорот и/или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот, од стручните соработници и/или од лица назначени од стручните органи.<br>Наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта. Планирањата кај најголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства и користење стручни искуства од различни медиуми, од регионална соработка со други училишта и др.<br><br>1.2 Наставата во одделенска настава и во предметна настава се реализира редовно и во пропишаниот обем со 100% реализација. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставата се одвива непречено со соодветен наставен кадар кој се евидентира во е-дневник. Во најголем број случаи изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците. Во најголем дел од наставниците задачите и активностите што ги планираат и реализираат ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците така што планираат задачи и активности со различни нивоа на сложеност. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава. Расположливите ресурси се употребуваат на функционален начин, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. Во најголем број од учениците се прифатени од страна на наставиците, и имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање), како и другите ученици.На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците која води кон постигнување на целите/стандардите на часот. На најголем број наставни часови, изборот на |

применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Наставниците поттикнуваат дискусија помеѓу учениците при што им ја развиваат вештината за соработка и комуникација, така што можат слободно да се изразат за време на часовите и да си го искажат своето мислење. Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Одлука на директорот на училиштето. Тие редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост „Иднина“ –Скопје,. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби. ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во Годишната програма за работа на учииштето, проектните активности добиени преку грантови од МОН и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ, исто така, се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО. ТУИ редовно ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Училиштето организира и реализира заеднички наставни часови со ученици од партнер училиштето ООУ„Перперими“ –Општина Сарај кои наставата ја следат на различни наставни јазици.. Реализираните часови се објавуваат на фб и веб страната на училиштето.

1.3 Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење и овозможува учество на сите ученици независно од нивните разлики. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Наставниците користат различни начини за мотивирање на учениците, односно користат разновидни форми на работа кои придонесуваат учениците активно да учествуваат во активностите за време на часот. Во наставата се користат приоди кои поттикнуваат решавање проблеми, а учениците се охрабруваат самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците даваат афирмативни коментари за активностите на ученикот.
Наставниот кадар и стручните соработници систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување..Наставниците во процесите на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни стилови на учење да научат најмногу што можат и да го постигнат својот максимум.

1.4 Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и етички кодекс за оценување и процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.
Наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Коефициентот на континуитет на успех континуирано е еднаков.
Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Најголем број наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

1.5 Училиштето планира и реализира разновидни вонннаставни активности што се во согласност со потребите и интересите на учениците. Сите ученици се вклучени барем во една воннаставна активност и во истите се вклучуваат по сопствен избор. Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици независно од полот, етничката и верската припадност и социјалниот статус. Учениците предлагаат и се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности. Училиштето организира училишни натпревари. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- Одржување на позитивна и поддржувачка работна атмосфера.
- Можност за учење на различни начини и активно учество на учениците во активностите и процесот на учење.
- Примена на разновидни извори и методи за проверка на знаењето.
- Висока вклученостна учениците во воннаставни активности.
- Целосна покриеност на учениците со попреченост со образовни и лични асистенти.

**Слаби страни**

- Ограничено учество на учениците во одлучување за избор на слободни изборни активности и предмети.
- Недоволна запознаеност на родителите со критериумите за оценување
- Потреба од дефектолог во училиштето

**Приоритети**

- ✓ Зголемено учество на учениците во избор на активности и предмети.
- ✓ Подобрување на информираноста на родителите за критериумите за оценување и можностите за напредок на ученикот
- ✓ Да се обезбеди сензорна соба

| Подрачје 2: Постигања на учениците |
| --- |
| **Опис/резиме**<br>Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди е многу добро. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. По секој квалификациски период, на предлог на Наставничкиот совет. Учеството и постигањата на воннаставните активности континуирано се следи и евидентира. Среден успех за учебната2023/2024 година е 4.95, додека за 2024/2025 година е 4,94.<br><br>Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост е Многу добро. Врз основа на спроведеното испитување се утврдува дека училиштето треба има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби, во однос на поддршката во редовната настава за учениците кои имаат тешкотии во учењето се покажува согласност и испитаниците се согласуваат дека училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици и постојано организира додатна настава за овие ученици. Редовноста во наставата е многу добро. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава, а учениците кои не се редовни на настава се превземаат педагошки мерки, се вршат советувања на учениците и нивните родители.<br>Советување на родители/старатели и ученици - Советувањата на родителите се спроведуваат по потреба: ученикот има повеќе од три негативни оценки, има повеќе од десет неоправдани или сто оправдани изостаноци, ако учениците имаа недолично однесување. На родителите им се испраќаат покани, секој родител кој треба да присуствува на советувањето. Се изработуваат извештаи од советувањето кои ги добиваат и самите родители. Досегашната пракса покажала дека советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати.<br>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава - Најголемиот број наставници користат методи, техники и стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците.Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и преку индивидуални средби и советувања со ученици. Училиштето, на годишно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на огласна табла -видно место во училиштето. Училиштето врши анализа и има докази дека дополнителната и додатната настава придонесуваат кон подобрување на постигањата, со високи постигнувања на Меѓународни , државни и реѓионални натпревари. |
| **Силни страни**<br>Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигањата на учениците според полот и јазикот на наставата, по сите наставни предмети, за сите квалификациски периоди. Училиштето има добро развиен систем за идентификација на учениците со тешкотии во учењето и со посебни образовни потреби. Училиштето има стратегија за идентификување на надарените ученици.<br>Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Поголемиот број од учениците во нашето училиште се редовни на настава. Советувањето на учениците и родителите дава позитивни резултати. Во текот на целата година по сите предмети се организира дополнителна настава.Посебен акцент во постигањата на учениците може да се стави во комуникацијата со ученици, наставници и родители преку работа на Клубот за ментално здравје, кој активно функционира веќе 2 години, со  механизми за психолошка и кариерна поддршка, со цел - понатамошен развој. |

**Слаби страни**

Училиштето иако има стручно лице-дефектолог на општинско ниво, сметаме дека се јавува потреба за вработување на дефектолог, со постојано вработување на ниво на самото училиште.

**Приоритети**

Со учениците  се работи, но употребата да биде застапена повеќе во насока на развивање и поттикнување на критичкото размислување како и развивање на повисоките когнитивни домени и истражувачки вештини. Наставниците да го планираат поучувањето со часови на активно учење, самостојна работа на учениците, примена на различни перспективи во реализација на наставните содржини, давање можности за откривање различни решенија на дадени задачи од наставната содржина.

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

**Опис/резиме**

Нашето училиште согласно ресурсите со кои располага, просторни, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси препознатливо е по високиот квалитет на работа. Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците и вработените. Училиштето има Кодекс на однесување кој важи и се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Училишната клима се гради врз основа на водење конструктивен професионален дијалог помеѓу вработените и градење позитивни односи меѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес, взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот.
Сите ученици без оглед на способностите, родот, етничката припадност и потеклото се чувствуваат безбедни и прифатени во училиштето. Поведението и дисциплината на учениците е на задоволително ниво. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности. Педагошко-психолошката служба во училиштето има добра соработка со наставниците, родителите и учениците и со успех ги решаваат одредените потешкотии.

Во училиштето постои демократски избрана Ученичка заедница и Ученички парламент кои учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето одлуки што се од непосреден интерес за учениците. Училиштето посветува особено внимание на личните постигања на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори. Училиштето ги промовира личните постигнувања на учениците преку разни електронски и печатени медиуми.  Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на реализираните активности и успеси. Се промовираат еднаквоста и правичноста на сите структури што учествуваат во воспитно-образовниот процес. Во училиштето постојано се организираат предавања, едукативни работилници и се реализираат наставни и воннаставни активности за превенција и справување со

врсничкото насилство. Исто така во соработка со локалната средина, надлежни институции се воспоставуваат и организираат трибини, настани и предавања за заштина од дрога, алкохол и пушење, како и за заштита и превенција од заразни болести како и квалитет на храна и здрава исхрана.
Учениците се вклучени во носење на одлуки (предлози/идеи). Нивните ставови се земаат во предвид преку мислења/сугестии низ анкетни прашалници (бираат слободни активности/предмети според нивните интереси). Нивното учество има лично и општествено значење, учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, да влијаат врз демократските процеси на одлучување во училиштето и заедницата.Донесените правила на однесување и последиците од непочитување на истите се целосно транспарентни преку Етичкиот кодекс на однесување, Протоколот за постапка за пријава и заштита на на ученик - жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, работилници за заштита од насилство и развивање на комуникациски вештини (организирани од психологот и преку индивидуални средби/ советувања за ученици, но и за родители на ученици - жртви или манифестатори на насилно однесување). При прекршување на нивните права, знаат каде да се обратат и добиваат подршка/помош од училиштето при решавање на одреден проблем. Учениците од IX одд. земаат поголемо учество во обработка на теми врсничко насилство и ментално здравје, развивајќи критички ставови. Училиштето соработува и со средните училишта преку различни форми на културно – образовни активности, а особено е значајна соработката во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците.
Во училиштето се спроведуваат редовни санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците.Наставниците во нашето училиште планираат и реализираат родителски средби и детално ги информираат родителите за учениците и активностите на училиштето. Секој наставник планира и реализира еднаш месечно приемен ден за родители каде родителите добиваат исцрпни информации за се она што ги интересира во врска со нивното дете. Училиштето превзема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на сите нивоа. Преку Советот на родители и Училишниот одбор родителите се информираат за сите училишни активности, даваат предлози, мислења и сугестии. Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти. Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.
Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Учениците се запознаваат со нивните права и начините на кои истите можат да ги практикуваат и заштитуваат.
Од собраните податоци од прегледани записници, анкетни прашалници за ученици/наставници/родители и интервјуа со директор/стручни соработници, се покажа дека сите целни групи, навремено и јасно се информирани за целокупниот воспитно-образовен процес во и надвор од училиштето. Комуникацијата на релациiите стручен соработник – наставник/ученик, наставник – наставник /ученик/ родител е добро регулирана. Навремената и јасна информираност на наставниците се реализира преку состаноци, е-пошта и viber-интерна група за споделување информации.
Раководството е отворено за предлози/мислења од наставниците (се практикува меѓусебна соработка при донесување одлуки, се следат наставни часови со повратна конструктивна информација, има позитивна работна атмосфера и наставниците се поттикнати на стручно усовршување). Постои колегијална соработка при тимска работа и решавање на конфликти, а со стручната служба се реализираат активности преку различни форми. Комуникацијата се одвива преку одделенски/наставнички совети, стручни активи (размена на искуства/идеи), тимско работење со стручните тимови, се со цел да се развијат комуникативните компетенции на сите релации меѓу учениците, наставниците и стручните соработници.

Родителите се активно вклучени во воспитно-образовниот процес како и при реализацијата на базарите и хуманитарните акции на училиштето. Училиштето е транспарентно за родителите. Веб страната на училиштето редовно се ажурира. Училиштето соработува и со локалната средина, односно со: Локалната самоуправа и Градоначалникот, МОН, БРО, МВР, Здравствените домови „Бит пазар“ и „Идадија“, културни институции, Црвен крст, невладини организации, други воспитно-образовни институции итн.
Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница, како и со стопанските организации во неа и таа соработка е взаемна. Во рамките на своите можности локалната заедница и бизнис секторот помогаат во остварувањето на потребите на училиштето, кои се во интерес на учениците.
За транспарентноста на воспитно-образовниот процес во училиштетото, најчести извори се Web и Facebook страната на училиштето (воннаставни активности од научно - едукативен и финансиско - правен карактер, еколошки и хуманитарни акции, работилници, настани, манифестации, посети и локални проекти, во соработка со локални и меѓународни организации и амбасади и приватни компании), како и реализирани екскурзии, дипломи, признанија, пофалници од учество на натпревари (со организација и промоцијата во договор со наставниците и доброволна вклученост на родителите.
За да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница, училиштето континуирано го унапредува квалитетот на соработка , како со општината така и со образовните институции, истовремено информирајќи ги и за проблемите со кои се соочува ( стекнување доверба и поволно мислење како член на заедницата). Пошироко училиштето се вмрежува со други локални заедници преку партнерства со различни бизнис-сектори и невладини организации. Ја продолжува соработката со здравствените организации, учествува во волонтерски и хуманитарни акции, работилници и предавања со јавна цел и е дел од проекти кои вклучуваат соработка со надворешни институции, меѓународни организации, здруженија кои имаат компоненти на јавни општествени активности, информирање на јавноста и медиумска покриеност.

| |
|---|
| **Силни страни**<br><br>➢ Училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците<br>➢ Наставниците ги поттикнуваат учениците кон повисоки постигањата<br>➢ Најголем дел од родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето и сметаат дека во училиштето владее клима каде наставниците се почитуваат меѓусебно.<br>➢ Најголемиот дел од учениците од фокус групата часовите ги доживуваат како интересни и се изјаснуваат дека имаат слобода да го искажат своето мислење на часот.<br>➢ Со години се негува и продлабочува соработката со локалната самоуправа при реализирање на разни културни, спортски и други активности<br>➢ Најголемиот дел од учениците сметаат дека сите ученици еднакво се третирани за време на часовите, оценките кои ги добиваат им се образложени и им се даваат конкретни насоки како да се подобрат.<br>➢ Училиштето постигнува завидни резултати на натпревари на знаења и натпревари во воннаставни активности<br>➢ Училишниот парламент се организира и спроведува успешно. Активно работи на подобрување на работата на училиштето и има исполнети активности во текот на учебната година.<br>➢ Училиштето организира трибини, настани, заеднички проекти во соработка со општината, а се од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето има соработка со Поликлиниките „Бит пазар“ и „Идадија“, Полиција, Црвениот крст и други институции.<br>➢ Најголемиот дел од учениците се изјаснуваат дека чувствуваат безбедно за време на наставата и одморите и дека знаат каде и кому да се обратат доколку се почуствуваат небезбедно.<br>➢ Училиштето се грижи за социо - емоционалната добросостојба на учениците<br>➢ Преку интерни работилници, внатрешни посети и посета на отворени денови училиштето им дава помош на учениците при изборот за продолжување на образованието<br>➢ Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди .<br>➢ Училиштето има транспарен однос со јавноста преку промоција на училишните активности и вклученост на училиштето во локални проекти, со достапност на тие информации на web-страната и Facebook страната на училиштето, кои постојано се ажурираат<br>➢ Училиштето има партнерски однос со сите чинители на локално, регионално и национално ниво, со што има изградено углед препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците<br>➢ Училиштето има континуирана соработка со релевантните инстиуции од областа на воспитно – образовната дејност (семинари, обуки и проекти) , комуникација со образовни, здравствени и други установи и институции кои допринесуваат за реализирање на целите и задачите на воспитно - образовната работа |
| **Слаби страни**<br><br>➢ Потребно е подобро и поквалитетно одржување на хигиената во училиштето (мал број на вработени како технички кадар).<br>➢ Соработката со бизнис секторот, преку предавања, трибини и посети е воспоставена, но не е на највисоко ниво. |

**Приоритети**

- Поинтензивна промоција на значајни достигнувања на надарените ученици (читање на разглас, одржување на мини настани / посебни свечености со доделување Пофалници за постигнувањата на крај од учебната година и истакнување на сите ученици со високи резултати во натпревари на пано на влезот на училиштето).

## Подрачје 4: Управување и раководење

**Опис/резиме**

Раководниот орган има стратешка определба заснована на јасна визија која ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Визијата на директорот е современо, иновативно, отворено училиште свртено кон промени кои придонесуваат за создавање на поквалитетен наставен процес во чиј центар е ученикот со развиена свест и надминати предрасуди. Училиште по мерка на детето, место каде со задоволство соработуваат учениците, наставниците и родителите, место каде се одвива креативна настава, здрава училишна клима со ученици подготвени за доживотно учење.

Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на квалитетот на воспитнообразовната работа на училиштето. Раководниот орган го заснова своето работење на тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.

Во Училишниот Одбор правично се застапени членовите од двата пола, а исто така и општествените структури за кои училиштето обезбедува услуги. Сите надлежности и задачи во врска со раководењето јасно се дефинирани и се во согласност со законските прописи. Постои соработка меѓу раководниот тим која се реализира преку редовни состаноци на кои се работи со потребен кворум и се донесуваат одлуки, решенија и акти во согласност со законските прописи и статутот на училиштето. Работата е транспарентна, информациите од состаноците се објавуваат на огласна табла во училиштето, онлајн, ВЕБ сраната, а донесените одлуки секогаш доследно се спроведуваат. За редовноста и присуството на состаноците се грижи претседателот на Училишниот Одбор и директорот на училиштето. Во раководењето со училиштето учествуваат и наставниците преку активностите на три стручни активи: Стручен актив на одделенска настава, Стручен актив на природно-математичка група предмети и Стручен актив на општествено-јазична група предмети. Придонес во раководењето имаат и Советот на родители , Ученичкиот парламент, Наставнички совет, Родителски средби. Од сите овие структури произлегуваат иницијативи, предлози и заклучоци кои се рефлектираат во останатите сегменти од раководењето.

Во училиштето постои интерен документ за правата и одговорностите на учениците и Правилник за изрекување педагошки мерки кој доследно се почитува.

Училишната политика се креира преку активно учество на сите субјекти при изработката на планови и програми за сите наставни и

воннаставни активности кои се дел од годишната програма на училиштето. Родителите и учениците за овие активности се известуваат преку состаноците на Советот на родители и Ученичката заедница на училиштето.
Во нашето училиште години наназад се води политика на опфат на ученици кои потешко ја совладуваат наставната програма т.е ученици во инклузија. За 10 ученици се вклучени асистенти од кои 6 образовни и 4 лични. Според изготвен ИОП работат 5 ученици.
Цел ни е да го реализираме принципот *да се прифатат разликите*. Бидејќи немаме етнички разлики, ниту пак некакви согледувања за разлики по полова припадност, се трудиме да работиме на разликите кај учениците по нивните способности, предиспозиции и афинитети.
За оние ученици кои потешко учат се организира дополнителна настава . Оние ученици кои се особено надарени имаат можност да се развиваат преку додатна настава.
Како училиште се стремиме секогаш успешно да го поттикнеме индивидуалниот развој на учениците и наставниците, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување, ја развиваме одговорноста и потребата од постојано надоградување. Нашето училиште секогаш го подржува професионалниот развој на наставниците при што ја зголемува ефективноста на воспитно-образовниот процес.
Секогаш се стремиме на учениците да им овозможиме квалитетни и трајни знаење кои ќе допринесат за нивниот личен развој во понатамошното образование.
Ја негуваме и поттикнуваме заедничката соработка меѓу учениците, родителите и наставниците со која се допринесува за развивање на меѓусебна доверба и почит. За сите одлуки кои се носат за воспитно-образовниот процес на учениците секогаш навремено се информираат и родителите преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставниците, преку Стручната служба на училиштето, web страната на училиштето и facebook страната на училиштето.
Нашето училиште е вклучено во голем број на проекти при што несебична поддршка добива од родителите, учениците, наставниците и општината, а придобивките се со цел за подобрување односно воведување на новитети во воспитно-образовниот процес.
Наставниците редовно се информирани за претстојни обуки на различни теми и пројавуваат голем интерес за присуство на истите.
ООУ „Коле Неделковски” Скопје од учебната 2013/14 година е вклучен во проектот МИО кој е во организација на МОН и Македонскиот Центар за Граѓанско образование и активностите ги реализираше со партнер училиште во Општина Чаир. На 28.11.2024 год. училиштето склучи меморандум за соработка со ООУ,,Перпарими” Крушопек Сарај со која ќе реализира проектни ативности на учениците од двете училишта. Нашето училиште заедно со партнер училиштето во овој проект аплицираа на конкурс за изработка на проект во МОН и за истиот за да се реализира ни беа одобрени финансиски средства.
Наставници:
Постои отворена соработка со директорот, педагогот, психологот во училиштето и брз проток на информации. Наставниците ги прифаќаат новините во образовниот систем и ги применуваат (е-дневник, примена на ИКТ во наставата, изработка на проектни задачи, отворени часови, изработуваат (прилагодуваат) наставна програма за деца со посебни потреби и користат посебен индивидуален методолошки пристап со цел да ги вклучат овие ученици во редовната настава...). Да се продолжи отворената соработка со родителите (работилници, базари,приредби, советодавни разговори... ). Наставниците се отворени за прием на идеи од страна на родителите во врска со продлабочување на квалитетот на училишната клима.
Ученици:
Учениците можат да се обратат за совет и помош до Директорот и стручната служба во секое време. Интернетот во училиштето им е достапен на учениците за потребите во наставата и проектните задачи. Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето. Учениците се изјаснуваат дека солиден е оној наставник кој е: духовит,позитивен, интересен во предавањето, толерантен, одговара на

поставени прашања, правичен е, реален во оценувањето, ја почитува личноста на секој ученик. Во случај на отсутен наставник се обезбедува замена. Библиотеката им е достапна на учениците. Учениците се запознаени со потребните информации преку вибер групи, ФБ и веб страна на училиштето.

Родители:

Родителите одговорија дека постои добар проток на информации за сите активности во Училиштето кои потекнуваат од Директорот на училиштето до Училишниот одбор и Советот на родители и обратно преку членовите и претставниците во УО и СР. Задоволни се од начинот на организирање на работата во училиштето. Училиштето поддржува и помага ученици со различни способности и преддиспозиции. Постои отворен ден во месецот за средба и соработка со наставниците. Родителите се запознаени со активностите на учениците во и вон училиштето. Родителите се запознаени со видот на инфраструктурните зафати во училиштето. Задоволни се од учеството на педагогот и психологот во училиштето. Родителите забележуваат преобемност во наставните содржини и стилот на кои се напишани некои учебници не одговара на возраста на ученикот во некои предмети по одделенија. Родителите предложуваат да постои поголема палета на изборни предмети во предметна настава и поголем број часови со практична настава. Наведени ставови од испитаниците: се бара поголема строгост во однос на изрекување дисциплински постапки, да не се дозволува притисоци од родители врз спроведување на дисциплински и други мерки донесени во училиштето, редовно и навремено обезбедување асистенти за инклузивни ученици од страна на општината, родителите да делуваат непристрасно и објективно во однос на успехот и поведението на своето дете,наставниците да делуваат стимулативно на учениците преку практични активности од наученото. Не секој од родителите ги следи WEB и FB страните на училиштето.

Членови на УО и Совет на Родители:

Членовите во УО и СР се апознаени се со работата на раководниот тим, задачите и одговорностите. Редовни се на состаноците на СР односно УО и се прифаќаат нивните предлози и сугестии. Одлуките донесени на Училишен одбор и заклучоците од Совет на родители се транспарентни. Запознаени се дека училиштето води политика за подршка на ученици со различни способности и предиспозиции. Поддржуваат доследна примена на педагошко-дисциплински мерки. Педагошко - психолошката служба редовно реализира советодавни разговори со ученици и родители. Редовно се реализираат и работилници од аспект на менталното здравје на учениците. Сметаат дека училиштето треба да води политика за наградување на особено креативни и ангажирани наставници.

**Силни страни**

- Демократски и поддржувачки однос на Директорот со наставниот персонал и добар проток на информации од и до Училишниот одбор, Советот на родители;
- Постојано високо ниво на средниот успех кај учениците од 4 до 9 одд.(2022/2023 – 4,92), (2023/24 - 4,95), ( 2024/25 – 4,94);
- Високи постигања на учениците во наставата и воннаставните активности, учество на натпревари и остварени голем број награди и пофалници, прогласени талентирани ученици и ученици на генерација;
- Спроведени редовни советувања на родители со училишниот педагог поради неоправдани отсуства и намален успех и дисциплина;
- Организирани работилници, презентации од стручната служба;
- Функционалност и работа на Училишен спортски клуб;
- Реализирана доградба на училиштето со 4 + 2 училници, лифт и тоалет за деца во инклузија;
- Новоизградени простории за библиотека и стручна служба;

- Опремени се 6 доградени училници со современ потребен инвентар;
- Поставени Смарт табли во одд. настава и неколку од кабинетите по предметна настава;
- Поставени се климатизери во доградбата, кабинети од предметна настава и дел од одд.настава;
- Изграден е паркинг простор со рампа во училиштето;
- Успешно е спроведена Еко акција во училиштето по иницијатива на општина Центар и Советот на родители 15.02.2025г.;
- Вклученост во проекти и обуки за иновации и унапредување на наставата:Проект за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), Континуирано усовршување на наставата по физичко образование, Проект за професионален развој на учениците, Проект „Стандарди за оценување“, Проект „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, Проект „ Со читање до лидерство“, Проект- „Едукација за значењето на енергијата и начинот за производство и употреба преку теорија и пракса“, Проект- „Училишта на 21 век“, Проект – „Учење преку правење – Да, ти можеш“, Проект – „Млади истражувачи“, Проект – „Селфи процес“;Проект „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди Инклудиран”, Проект „Исправи се“, „Театарот, уметност на емоции“, „Интернетот не е само игра - кликај безбедно“ и др.
- Редовна примена на ИКТ во наставата;
- Примена на Еко-стандардите во воспитно-образовниот процес;
- Редовно информирање на учениците за организација на одредени активности преку книга на соопштенија, вибер група;
- Постоење Правилник за награди и пофалби и педагошки мерки за ученици;
- Постоење Правилник за вреднување на наставници;
- Вклученост на наставници, родители, ученици, претставници на Локалната средина, МОН во креирање на училишната политика;
- Почитување на правата на децата;
- Примерно поведение на учениците;
- Негување на мултикултурализмот;
- Севкупна грижа за здравјето на учениците и вработените;
- Тимска вклученост на сите наставници и стручни соработници во изготвувањето на самоевалуацијата;
- Учество на училиштето во манифестации организирани на општинско, градско и републичко ниво;
- Учество во манифестации од хуманитарен карактер (помош во пари, храна и облека на социјално загрозени семејства на наши ученици);
- Реализирани приоритети и цели согласно Акциониот и Развојниот план на училиштето;
- План за заштита и спасување;
- Изготвен Протокол за заштита од насилство, злоупотреба и спречување дискриминација;
- Реализирани се активности (посети од нставници од странски училиштата: Лариса - Грција, Леон - Шпанија и Базилика - Италија во периодот март-април 2025г. во рамките на проектот Еразмус+. Цел на посетите е размена на добри практики, стекнување нови искуства во методите и организацијат на наставата, проток на нови идеи, зајакнување на компетенциите и инспирација за понатамошен развој и зајакнување на европската димензија на нашето училиште.
- Изготвена Самоевалуација за периодот 2023-2025г.

При изготвување на Планот за развој и Годишната програма за работа на училиштето се земаат во предвид материјално техничките, финансиските и човечките ресурси со кои располага училиштето, како и добиените резултати од спроведенета самоевалуација на училиштето.

**Слаби страни**

- Дел од училишната зграда не е термо изолирана. Со поставување на термоизолациона сада би се заштедило во потрошувачката на топлинска енергија;
- Постои потреба од вработување на Специјален едукатор и рехабилитатор со редовен работен однос сфао полно работно време во училиштето;
- Недоволен број на технички кадар – хигиеничари имајќи ја предвид и доградбата на училиштето што довее до отежнато одржување на хигиената во училишните простории и училишниот двор;
- Постои недостиг од простор за часовите по Физичко образование (во фискултурната сала настава одржуваат по 2 паралелки) и има недостиг од просторија за чување на спорски реквизити, како и потреба од покомфорни соблекувални. Воедно неопходно е комплетно реновирање и опремување на спортската сала;
- Постои потреба од вклучување на училиштето во проектни активности преку програмата Еразмус + и други (државни и меѓународни организации). Училиштето веќе е времежено во Еразмус + и Е-твининг проекти. Во овој момент се вклучува како партнер, но од оваа година и аплицира со сопствени проекти.
- Постои потреба од редовно хортикултурно уредување на дворот, поставување на вештачка трева на одредени места и мали клупи за ученици, како и одржување и доопремување на спорските терени;
- Потреба од санација и реновирање на училници, кабинети и училишни простории;
- Ограничен број на клима уреди;
- Ограничен број на смат табли или проектори;
- Недостаток на доволно компјутери/таблети за ученици и наставен кадар (дел од наставници не се опремени со индивидуален лаптоп);
- Недоволна примена на дигитални алатки во наставата;
- Ограничени простории за настава по изборни предмети и креативни активности;
- Недостаток од сензорна и сензитивна соба во училиштето;
- Ограничен буџет за развојни проекти;

Недостаток на средства за обновување на наставни помагала - развојот на новите наставни планови и програми наметнува потреба

| |
|---|
| од набавка на модерни наставни средства и помагала; |
| **Приоритети**<br>➢ Да се интензивираат стратегиите за мотивирање и потикнување на локалната бизнис заедница и родителите во обезбедување донации и спонзорства за подобрување на инфраструктурата во училиштето;<br>➢ Да продолжи политиката на училиштето за соработка со сите здравствени организации и институции во Локалната средина и организирање на дебати и предавања од здравствен, воспитен и општествено хуманитарен карактер како и активности за професионален развој на учениците и наставниците;<br>➢ Да се постави термоизолациона фасада на дел од училишната зграда;<br>➢ Да се вработи специјален едукатор и рехабилитатор (дефектолог) со полно работно време за нашето училиште;<br>➢ Да се обезбеди оптимален број хигиеничари со цел почиста, поздрава училишна средина за учениците и вработените;<br>➢ Да се продолжи со реализација на обуки и десеминација на  стекнатите знаења и вештини врз наставници и учениците според потребите;<br>➢ Да се поднесат апликации за државни и меѓународни проекти (Еразмус+...) за реконструкција на училиштето и подобрување на материјално-техничките услови во училиштето со цел подобрување на воспитно-образовниот процес;<br>➢ Да се продолжи со хортикултурно уредување и одржување на училишниот двор;<br>➢ Да се доопремат сите кабинети со Смарт табли и лаптопи;<br>➢ Да се климатизираат сите училници;<br>➢ Да се продлабочат и поттикнат активностите за талентирани ученици; |

Според извршената Самоевалуација на училиштето и резултатите од неа Комисијата за изготвување извештај за самоевалуација предлага мерки за надминување на слабите страни на училиштето. Со тоа ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА**
Од подрачје 1 ( Планирање, настава и учење)

**Обука за наставниот кадар за работа со ученици со ПОП и користење на асистивна технологија.**

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА**
Од подрачје 2 (Постигање на учениците)

**Вработување на специјален едукатор и рехабилитатор во училиштето.**

**ПРЕДЛОГ – МЕРКА**
Од подрачје 4 ( Управување, раководење и креирање политики)

**Пренаменување на просторија во училиштето во сензорна соба и нејзино опремување.**

Комисијата, извештајот од извршената самоевалуација на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, Директорот на училиштето и до основачот на истото

**Дата**

26.09.2025

**Комисија за спроведување на самоевалуација:**

Билјана Јованова – педагог

______________________

Викторија Илиеска – пред.наставник

______________________

Маргарита Николоска Бошковска – одд.наставник

______________________

Светлана Димитриевска – родител

______________________

Валентина Зорчец – пред. наставник

______________________

Доставено до:

Василка Салевска Трајковска

Претседател на Училиштен одбор

______________________